БРОЈ 5 28.04.2020 ГОДИНА III
БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ
ISSN 2545-4935




БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА ► МОЖЕ ДА СПАСАТ ЖИВОТИ

СВЕТСКИ ДЕН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Стручно списание за безбедност и здравје при работа

# ТУТЕЛА

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

# ТУТЕЛА

Стручно списание за безбедност и здравје при работа

*БРОЈ 5 28.04.2020 ГОДИНА III*

***БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ***

*Скопје, 2020*

**Copyright © "Friedrich-Ebert-Stiftung"**

*Сите права се задржани*

*Печатените изданија на Фондацијата Фридрих Еберт не смеат да се користат во комерцијални цели без претходно писмено одобрување од страна на фондацијата.*

*ISSN 2545-4935*

Издавачи:
*Фондација Фридрих Еберт - канцеларија Скопје*
*www.fes-skopje.org*

*Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје*
*www.tutela.org.mk*

Главен уредник:
*проф. д-р Марија Хаџи-Николова*

Уредувачки одбор:
*проф. д-р Елисавета Стикова*
*Љупчо Кочовски*
*Владо Кочоски*
*Ѓоко Павлов*
*Никола Ѓорѓиев*

Лектор:
*Лилјана Јовановска*

Дизајн и подготовка:
*Контура*

*Електронско издание*

*Искажаните ставови на авторите на текстовите не мора да соодветствуваат на ставовите на организаторите.*

# СОДРЖИНА

**5** **ОД ИЗДАВАЧИТЕ**

**11** **ИНТЕРВЈУ СО АЉАЈДИН ХАВЗИУ**
**ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД**

**АКТИВНОСТИ ПОМЕЃУ ДВА БРОЈА**
13 ОКТОМВРИ 2019 – АПРИЛ 2020

**ТЕМА НА БРОЈОТ**
22 КОВИД-19
СВЕТСКИ ДЕН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА 2020 ГОДИНА
СТОП ЗА ПАНДЕМИЈАТА:
БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА МОЖАТ ДА СПАСАТ ЖИВОТИ

24 ИНФОРМАЦИИ ПРЕПОРАКИ МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА COVID-19

**АКТУЕЛНО**
43 ЗДРАВИ РАБОТНИ МЕСТА, НАМАЛЕТЕ ГО ОПТОВАРУВАЊЕТО – ПРЕТСТОЈНА КАМПАЊА НА EU OSHA ЗА МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИ НАРУШУВАЊА (МСН)

45 ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

**ДОБРА ПРАКСА ОД СТРУЧНО ЛИЦЕ**
48 ОРГАНИЗАЦИСКОТО МОТИВИРАЊЕ КАКО БЗР-АЛАТКА

**ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ ЗА БЗР**
54 БЗР ПРОТКАЕНА НИЗ СТАНДАРДИТЕ, ПРОПИСИТЕ И КОДЕКСИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ВО ДЕЛОВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА (ВТОР ДЕЛ)

**БЗР ОКОЛУ НАС**
60 КРИКОТ НА БЗР ПРЕКУ ЗАШТИТНИОТ ВИЗИР НА МЕДИЦИНСКИТЕ РАБОТНИЦИ

**СТАНДАРДИ ЗА ЛЗО**
66 ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ ЗА ЛИЧНА ЗАШТИТНА
ОПРЕМА ЗА МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ

# **Почитувани**,

Петтиот број на првото стручно списание за БЗР „Тутела“, со оглед на вонредната состојба поради пандемијата КОВИД-19, имате можност да го погледнете само во електронска форма на веб-страницата на ЗИЗ „ТУТЕЛА“. Живеејќи во време кога целокупното наше внимание е насочено кон официјалните податоци од Министерството за здравство, поврзани со информациите за бројот на новозаболени, бројот на починати, како и бројот на излечени од КОВИД-19, неминовно се наметнува темата на овој број на списанието, а тоа е пандемијата КОВИД-19. Состојбата со пандемијата КОВИД-19, беше причина и Меѓународната организација на труд, Светскиот ден за безбедност и здравје при работа да го посвети на решавање на појавата на заразни болести при работа, фокусирајќи се на пандемијата КОВИД-19, под мотото Стоп за пандемијата: Безбедноста и здравјето при работа може да спаси животи**.**

Следејќи ги актуелните случувања во поглед на ширењето на КОВИД-19, ЗИЗ „Тутела“ во изминатиот период изработи флаери со кратки основни информации и препораки за преземање на мерки и постапки со цел спречување на ширењето или ублажување на последиците по здравјето на вработените на нивните работни места, кои ги споделуваме со Вас во рубриката Тема на бројот.

Имајќи предвид дека голем дел од активностите за спречување на ширењето на КОВИД-19 паѓаат на товар на Државниот инспекторат за труд, му благодариме на Директорот на ДИТ, г-дин Аљајдин Хавзиу, што одвои време да одговори на прашањата за тоа како ДИТ успева да се справи со предизвиците кои ги поставува пред Инспекторатот актуелната состојба со КОВИД-19.

Во рубриката Актуелно, специјално за списанието „Тутела“ од Европската агенција за безбедност и здравје при работа од Билбао ни пристигна статијата од која ексклузивно дознаваме за претстојната кампања на EU OSHA, Здрави работни места ***2020 – 2022*** која се фокусира на превенцијата на мускулно-скелетните нарушувања поврзани со работата.

Благодарност и за останатите заинтересирани колеги кои ги споделија своите искуства во рубриките Практични совети за БЗР, Добра пракса на стручните лица за БЗР, БЗР околу нас, Актуелно и Стандарди за ЛЗО. Продолжете да ги споделувате Вашите искуства, политики, процедури за БЗР во Вашите компании кои може да послужат како идеја за слични вакви

политики и процедури во останатите компании. Остануваме отворени за Ваши предлози, сугестии кои може да ги доставите на нашата имејл адреса: contact@tutela.org.mk.

Ви посакуваме добро здравје, почитувајте ги препораките на Министерството за здравство и Владата на РС Македонија, зашто само така може да се надеваме дека борбата со КОВИД-19 ќе заврши што е можно побрзо и на крај сите ќе излеземе како победници.

Останете дома и прочитајте го новиот број на списанието „ТУТЕЛА“!

*„**Здравјето** е **човеково право**. **Никој не треба да се разболи или да умре само затоа што не може да пристапи до услугите што му се потребни**“.*
**д-р Тедрос Аданом Гебрејзус** *(Dr Tedros Adhanom Ghebreyesus)*

Уредувачки одбор

# Важно е да го живеете животот знаејќи дека сте заштитени



Во најдиректна смисла, заштитата на сопственото здравје и безбедност е најважна, но во поширока смисла вкупното здравје и безбедноста на сите нас заедно е од голема важност и за целото општество. Ова стана посебно јасно во сегашниве услови на глобална здравствена криза. Понатаму ни стана јасно дека нашето здравје и безбедност не зависат само од нас и секако, не се однесуваат само на нашите домови. Доколку не сме безбедни на работните места, како заеднички ќе ја исполниме задачата и обврската да живееме пристоен живот, како ќе дадеме придонес на заедницата и нашите семејства? За нас во Фондацијата „Фридрих Еберт“ (ФЕС), сите прашања поврзани со заштита на работниците, вработените и лицата кои се на работа, отсекогаш биле во фокусот на внимание. Токму таму каде што сме изложени, таму доаѓаат до израз основните демократски вредности и цели: не треба да го цениме општеството според тоа колку високо можеме да напредуваме како индивидуи, туку според тоа колку длабоко може да паднеме без наша директна вина.

Фондацијата „Фридрих Еберт“ е германска политичка фондација која ги промовира вредностите на социјалдемократијата и е активна во областа на едукација за демократија, правда и еднаквост насекаде во светот. Во нашето работење во Северна Македонија, каде сме присутни од 1996 год., среќни сме што соработуваме со луѓе, организации и институции коишто силно се залагаат за сите овие прашања еднакво како и ние. Во таа насока, пресреќни сме што соработуваме со „Тутела“ на оваа публикација, со што ги акцентираме работата и идеите на исклучителни експерти и автори во полето на безбедноста и зравјето на работа, при што сите оние теми кои се клучни и релевантни за напредокот на нашето општество, го добиваат своето место во срцта на политичката и општествената дебата. Се надеваме дека со ова даваме придонес кон уште поголема заштита на работниците

во македонското општество, за да помогнеме ниту еден работник да не пропадне надолу и да се погрижиме сите ние да живееме и работиме во безбедни услови и со добро здравје, посебно во овие ризични времиња. Им благодариме на сите кои дадоа свој придонес и поддршка во овој потфат. Останете здрави!

Ева Елерајт
Директор на „Фондацијата Фридрих Еберт“,
канцеларија Скопје

## Почитувани членови на ЗИЗ „Тутела“, колеги Заштитари,



Пред Вас е првото електронско издание на Првото стручно списание за БЗР „ТУТЕЛА“.

За ваков начин на издавање на овој број се одлучивме, имајќи ја предвид актуелната ситуација со светската пандемија на коронавирус, искрено и целиот број, во најголем дел е посветен на безбедноста и здравјето при работа и коронавирусот.

Би напоменал дека и со овој број продолжува соработката со ФЕС – Канцеларијата во Скопје, за што искрено како Здружение во овие пред сѐ финансиски турбулентни ситуации, им се заблагодарувам што продолжуваат со поддршката на нашите активности.

Следејќи ги актуелните случувања на полето на БЗР во периодот од појавувањето на коронавирусот во нашата држава, начинот на кој како Здружение реагиравме и постапивме, не го кријам личното задоволство од постоењето и развојот на меѓусебната поддршка, пред сѐ на членовите на Здружението, во поглед на размена на искуство, размена на идеи и конкретни предлози, како да се организираме и постапиме во вакви ситуации, сѐ со цел да им помогнеме на вработените безбедно да ги извршат работните задачи од една страна, а од друга страна да им покажеме на работодавачите дека како стручни лица им стоиме во секој миг на располагање со конкретни и стручни предлози.

За таа цел, како Здружение, заедно сите, уште на почетокот на месец март, изготвивме голем број флаери и информативни листи со конкретни општи предлог-мерки за превенција и заштита на вработените од ширењето на коронавирусот. При изготвувањето на сите стручни материјали, покрај стручните знаења на нашите членови, искористивме информации и од Меѓународната организација на труд, Светската здравствена организација, Европската агенција за БЗР, државните и здравствените институции во РС Македонија, притоа внимавајќи да не ги доведеме во заблуда крајните корисници на тие информации и препораки.

Дека нашиот труд не бил залуден, потврда е употребата во оригинална или преработена форма на нашите флаери и препораки и нивна примена во правните субјекти низ целата држава.

Во вакви турбулентни периоди, сметавме дека пред сѐ треба да се почитуваат препораките кои ги носат државните институции, за дел од кои и како Здружение преку наши членови имавме влијание, што е за поздравување.

Несомнено, посебно сме задоволни што во изминатиот период имавме и голем број контакти и размена на идеи и стручни мислења со фирми, претставници на одредени правни субјекти, колеги кои не се наши членови, но за жал, мораме да констатираме дека продолжува игнорантскиот однос од одредени структури, но како и да е, продолжуваме! ЗИЗ „Тутела“ постои за сите, ЗИЗ „Тутела“ со своите 122 члена полека се етаблира и наметнува како стручно Здружение кое како и во овој турбулентен период, така и во иднина ќе продолжи да работи во интерес на струката и безбедноста и здравјето при работа.

Да не должам, разгледајте ги текстовите што следат, бидете безбедни и Вие и Вашите најблиски, заедно сите продолжуваме и во иднина.

Со почит,

м-р Дејан Ангеловски

Претседател на Здружение на<br>инженери за заштита „ТУТЕЛА“, Скопје

# ИНТЕРВЈУ СО АЉАЈДИН ХАВЗИУ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД



**Во денешната ситуација со КОВИД-19 голем дел од активностите за спречување на ширење на заразата паѓаат на товар на Државниот инспекторат за труд. Како инспекторат, успевате ли да одговорите на сите обврски?**

Со сите капацитети со кои располагаме, се обидуваме да одговориме на барањата. Особено ни е важно да одговориме на поплаките од вработените. Бидејќи во составот имаме два инспекциски сектори (сектор за работни односи и сектор за безбедност и здравје при работа) мораме да одговориме на барањата кои се однесуваат на работните односи, но и на оние кои се однесуваат на примена на мерките за безбедно работење, особено во услови на пандемија.

**Дали сметате дека капацитетите на инспекторатот (човечки и материјални) се доволни за справување со пандемијата, но и во време кога немаме пандемија?**

Се справуваме онолку колку што ни дозволува капацитетот. Сите инспектори се максимално ангажирани. Дали е тоа доволно? Сметам дека секогаш можеме подобро со зголемување на капацитетите.

**Во еден од извештаите од ЕУ беше забележано дека има недостаток на инспектори и дека треба да се назначат вработени за оваа проблематика со цел поефикасно спроведување на законот. Спроведена ли е оваа препорака?**

Да, во еден од извештаите од делегацијата на ЕУ пред некоја година имаше забелешка за малиот број инспектори. Во овој период се обидовме да ја подобриме оваа состојба со прием на неколку нови вработени, но треба да бидеме свесни дека возрасната структура на инспекторатот е таква што континуирано имаме одење во пензија на наши колеги, па се потребни и нови вработувања во целост да се постигнат бројките кои ќе се побараат од нас.

**Каков е Вашиот став околу примена на мерките за безбедност и здравје при работа во услови на пандемија?**

Сметам дека мерките треба да се применуваат и законските обврски да се почитуваат. Дури овие мерки треба да бидат и позасилени поради појавата на нова опасност од вирусот. Ова се однесува особено на работодавачите кои работат во ова време. Оние кои прекинаа со работните процеси, не мора да применуваат мерки.

**Во моментов „тренд“ е работа од дома. Има ли можност инспекторатот да врши контрола над оваа работа?**

Голем дел од работодавачите кои имаат можности, ги организираа вработените да работат од дома. Ова е тема која во наредниот период треба добро да се разработи бидејќи постоечката легислатива не дава јасна слика за ваков тип на работа, особено за можна инспекција над примена на мерките во тие „работни простории“. Согледувајќи го трендот во светски размери и кога нема пандемија, да се работи на ваков начин, бара од сите нас да посветиме поголемо внимание кон регулирање на оваа материја, особено за обврската за примена на мерки за безбедно работење, дефинирањето на повреда при работа, но и начинот на нивна контрола од инспекторите.

**Според Вас, дали постоечкиот Закон за безбедност и здравје при работа и подзаконските прописи во оваа област даваат јасна слика по која може да се инспектира без при тоа инспекторите да имаат недоумици?**

Како и секој закон, и овој си го потроши времето за кое беше донесен. Созреани се услови да се изготви нов, особено по толку голем број измени. Често се наоѓаме во ситуации според кои е тешко да се постапи поради одредени недоречености или контрадикторности во постоечката легислатива. Тука не мислам само на законот, туку и на подзаконските акти. По завршување на оваа криза ќе мораме да изнајдеме начин како да ги надминеме детектираните проблеми.

# ОКТОМВРИ 2019 – АПРИЛ 2020

**16.10.2019 – 18.10.2019** – Во рамките на отпочнатиот процес на ревидирање и унапредување на законската рамка во областа на безбедност и здравје при работа, т.е. ревидирањето на постоечкиот Закон за безбедност и здравје при работа (Сл.весник на РМ бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 и 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16) во организација на МТСП и ФЕС – Скопје, беше организирана тридневна работилница во хотелот „Романтик", Велес, на која претставник на „Тутела", Скопје зема активно учество.

**24.10.2019** – Во салата на Фондот за иновации и технолошки развој, како дел од активностите по повод Европската недела за БЗР, за првпат во РС Македонија, беше промовирана збирка песни и раскази од областа на безбедност и здравје при работа (БЗР), збирка литературни творби на ученици од прво до деветто одделение, од основните училишта во Македонија.



**24. 10. 2019** – Оваа година, за прв пат, заеднички, за сите чинители од областа на БЗР, во Клубот на пратеници беше организиран настан за одбележување на Европската недела на безбедност и здравје при работа, од страна на Министерството за труд и социјална политика како фокал поинт на Европската агенција за безбедност и здравје при работа и во соработка со Националниот совет за БЗР, каде претставници на „Тутела", Скопје зедоа учество.

**25.10.2019** – Промовиран четвртиот број на Првото стручно списание за безбедност и здравје при работа „ТУТЕЛА".




**19.11.2019** – Како дел од серијалот стручни, наменски обуки **„РАБОТИ БЕЗБЕДНО“** кој е поделен на неколку тематски групи/области, во х.„Континентал“, во присуство на 40 чинители од областа БЗР, се одржа втората обука на тема „РАБОТИ НА СКЕЛЕ – РАБОТИ БЕЗБЕДНО**“**, на која предавач беше инж. Ернест Шталингер, од AUVA, Австрија.



**26.11.2019** – Со цел јакнење на меѓусебната соработка, насочување на своите капацитети кон поттикнување и афирмација на областа безбедност и здравје при работа (БЗР), како и унапредување на соработката со други институции од заеднички интерес, Државниот инспекторат за труд и Здружението на инженери за заштита „Тутела“, Скопје, потпишаа Меморандум за соработка.

**17.12.2019** – Во х.„Континентал“, се одржа второто годишно редовно Собрание на Здружението на инженери за заштита „ТУТЕЛА“.



**17.12.2019** – Во х.„Континентал“ се одржа **стручно едукативниот настан (работилница), „ДОБРИ ПРАКТИКИ – РАЗМЕНА – ИСКУСТВО – ЕДУКАЦИЈА“**. На настанот беа поканети сите учесници на минатогодишниот повик за избор на најдобар правен субјект за 2018 година, кој реално и стручно, придонел во сопствениот развој, инвестирајќи/имплементирајќи добри практики за безбедни и здрави работни места и воедно беа добитници на една од наградите. Поканата за презентација на добрата пракса ја прифатија **7 правни субјекти**.








**17.12.2019** – Од страна на проф. д-р Иво Кузманов, беше промовиран првиот број на Меѓународното стручно списание „Occupational Safety and Health, Engineering Management & Applied Engineering“.




**19.12.2019** – Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Здружението на инженери за заштита „ТУТЕЛА“, Скопје и Здружението за социоекономски развој и животна средина „ЗОРБЕЕКС“, Скопје.

ЗОРБЕЕКС

Здружение на инженери за заштита
ТУТЕЛА
Скопје

**09.01.2020** – Испратен Допис – реакција до МТСП во врска со начинот на донесување на новиот Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа.

**22.01.2020** – Доставен Допис до надлежните во МТСП, од каде е побарано во интерес на сите, да доставаат унифицирано толкување на оредбите од Правилникот, со цел да не ги доведат во неповолна положба (казнени одредби, правна одговороност), поради непочитување на подзаконските одредби, правните субјекти и лицата кои работат во нив.

**28.01.2020** – Во х.„Панорама“, Делчево, се одржа работен состанок/промоција на новото Здружение на граѓани за унапредување на работна и животна средина „ПРОТЕКТ ДЕЛ“, Делчево. Претставници на ЗИЗ „Тутела“ (м-р Дејан Ангеловски и м-р Борче Стојчевски) присуствуваа на настанот.




**06.02.2020** – Се отвори првиот Регионален клуб во Скопје, еден од низата клубови кои ЗИЗ „Тутела“ планира во иднина да ги отвори и во други региони од државата, согласно бројот на членовите и регионот од кој доаѓаат. Клубот ќе работи секој четврток од 17:00 до 19:00 часот. Во него ќе се одржуваат средби, работни состаноци, ќе работат стручните групи, ќе се држат информативно-стручни обуки согласно интересот и потребите на членовите на ЗИЗ „Тутела“.



**14.02.2020** – На седницата на ИО на ЗИЗ „Тутела", Скопје одржана на 13.02.2020 година, а во врска со Решението на Владата на РСМ за именување на членови на Советот за БЗР (Сл. весник на РСМ 29/20), одлучено е да се достави Допис, реакција и барање за почитување на Дописот до Владата на РСМ за именување на претставник на Здруженија кои работат на полето безбедност и здравје при работа.

**09.02.2020** – По повод две години од формирањето на ЗИЗ „Тутела", беше организирана роденденска забава.





**01.03.2020** – ЗИЗ „ТУТЕЛА" заедно со Здружението за заштита при работа на општина Битола – „Битола" и Здружението за безбедност при работа „28 Април" – Скопје, го објави повикот за учество на конкурс за доделување на годишни награди за добри практитки во БЗР за 2019 година.



Награди ќе бидат доделени во 4 категории:

**Категорија 1 – Услужни дејности;**

**Категорија 2 – Административни дејности;**

**Категорија 3 – Производствени, земјоделски, рударски, градежни дејности и сл.**

А) Мали претпријатија – до 50 вработени;

Б) Средни претпријатија – до 250 вработени;

В) Големи претпријатија – над 250 вработени;

**Категорија 4 – Правен субјект кој најмногу инвестирал во безбедноста и здравјето на своите вработени.**

**01.03.2020** – Објавен повик за аплицирање во изборот на најдобрите литературни творби изработени од учениците од основните училишта на конкурсот „БЗР ОД МАЛИ НОЗЕ“ за 2020 година, настан кој за втор пат се одржува.




Во зависност од видот на литературна творба, секој ученик ќе може да учествува и да освои прво, второ или трето место, во следните категории:

**Категорија 1 – Песна на тема безбедност и здравје при работа (ученици од прво до петто одделение);**

**Категорија 2 – Расказ на тема безбедност и здравје при работа (ученици од прво до петто одделение);**

**Категорија 3 – Песна на тема безбедност и здравје при работа (ученици од шесто до деветто одделение);**

**Категорија 4 – Расказ на тема безбедност и здравје при работа (ученици од шесто до деветто одделение).**

Наградите од двата повика требаа да бидат доделени на свечена церемонија, по повод 28 Април, Светскиот ден на БЗР, но поради актуелната состојба со коронавирусот, настанот ќе се одржи во текот на наредните месеци од тековната 2020 година.

**10.03.2020** – Одржан е работен состанок помеѓу претставници на МТСП и 8 члена на ЗИЗ „Тутела" (би напомenaле дека за состанокот од страна на ЗИЗ „Тутела" се пријавија 46 члена, но по сугестија на МТСП бројката беше редуцирана на 8 претставници). Работниот состанок се одржа во коректна атмосфера при што од страна на претставниците на ЗИЗ „Тутела" беа потенцирани проблемите со кои се соочуваат стручните лица на терен и по донесувањето на новиот Правилник.




**12.03.2020** – Следејќи ги актуелните случувања во поглед на ширењето на КОВИД-19, изготвени се флаери со кратки базични информации и препораки за преземање на мерки и постапки со цел спречување на ширењето или ублажување на последиците по здравјето на вработените на нивните работни места.



**20.03.2020** – Согласно предлогот на дел од членовите на ЗИЗ „Тутела“, а по одржаниот состанок на ИО на ЗИЗ „Тутела“ на ден 17.03.2020 година (on-line комуникација), беше одлучено да се достави Допис до Групациите за БЗР и ППЗ при Стопанската комора на Македонија, со цел поддршка на компаниите кои нудат услуги од безбедност при работа и ПП заштита, а кои во овој момент трпат големи последици поради актуелната криза од коронавирусот.



# КОВИД-19

# СВЕТСКИ ДЕН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА 2020 ГОДИНА

# СТОП ЗА ПАНДЕМИЈАТА: БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА МОЖАТ ДА СПАСАТ ЖИВОТИ

Признавајќи го големиот предизвик со кој се соочуваат владите, работодавачите, работниците и целокупните општества ширум светот во борбата против пандемијата КОВИД-19, Светскиот ден за безбедност и здравје при работа ќе се фокусира на решавање на појава на заразни болести при работа, фокусирајќи се на пандемијата КОВИД-19.

Загриженоста расте поради постојаниот пораст на инфицирани со КОВИД-19 во некои делови на светот и можноста за одржување на стапките на опаѓање во други. Владите, работодавачите, работниците и нивните организации се соочуваат со огромни предизвици кога се обидуваат да се борат со пандемијата КОВИД-19 и да ја обезбедат безбедноста и здравјето при работа. Покрај непосредната криза, постои и загриженост за продолжување на активноста на начин што го одржува напредокот постигнат во задушувањето на ширењето на болеста.

Светскиот ден за безбедност и здравје при работа ќе се фокусира на решавање на појава на заразни болести при работа, фокусирајќи се на пандемијата КОВИД-19. Целта е да се стимулира националниот трипартитен дијалог за безбедност и здравје при работа. МОТ го користи овој ден за да ја подигне свеста за усвојување на безбедни практики на работните места и улогата што ја играат експертите за безбедност и здравје при работа. Исто така, ќе се фокусира на среднорочно и долгорочно, вклучително и закрепнување и подготвеност за идната состојба, особено, интегрирање на мерките во системите за управување со БЗР и политиките на национално и на ниво на претпријатија.

„Ни требаат посебни мерки за да заштитиме милиони здравствени и други работници кои секојдневно го ризикуваат своето здравје за нас. Работата од далечина нуди нови можности за работниците да продолжат да работат.

Сепак, работниците мора да бидат во можност да преговараат за ваквите ангажмани, така што ќе го задржат балансот со другите одговорности, како што се: грижа за деца, болни или стари лица, и секако за самите нив.“

Гај Рајдер,
генерален директор на МОТ

Извор: МОТ

https://www.ilo.org/global/topics/safety-and-health-at-work/events-training/events-meetings/world-day-safety-health-at-work/WCMS_739669/lang--en/index.htm?fbclid=IwAR1OgveKwqCXUtPuDbDQD1N8Kgm3vUsskAQ1ZjexmBD1zLRKLJBP5buvBnI

## ИНФОРМАЦИИ, ПРЕПОРАКИ, МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА
# КОРОНАВИРУС (COVID-19)

### 1.ШТО ПРЕТСТАВУВА КОРОНАВИРУС (COVID-19)




Коронавирус (CoV) - фамилија на вируси кои предизвикуваат болести на респираторните органи (од облик на блага настинка до тешка акутна респираторна болест), односно симптоми слични на блискоисточниот респираторен синдром (MERS-CoV) и тешкиот акутен респираторен синдром (SARS-CoV). Покрај овие познати вируси, кон крајот на 2019 година се појавува нов Коронавирус (2019-nCoV) кој го добива името COVID-19, како подвид на вирус кој порано не бил идентификуван кај луѓето. COVID-19 е физички голем, тежок и затоа не лебди во воздухот, туку паѓа на тлото, површината и предметите.
Неговата постојаност зависи од подлогата на која паднал и според неофицијални информации се движи од 7 до 10 минути на кожа, 4 часа на ткаенини, 12 часа на метал. Не појавува отпорност на температура поголема од 26°C.

### 2.ЗНАЦИ И СИМПТОМИ НА ИНФЕКЦИЈА СО COVID-19



**Респираторни симптоми:**
- главоболка, секрет од носот
- висока температура поголема од 38°C, треска
- силна кашлица, воспалено грло
- отежнато дишење

**Кај потешките случаеви на инфекција, може да дојде до:**
- воспаление на белите дробови
- силен акутен респираторен синдром

**Во одредени ситуцаии доаѓа и до**
- откажување на работата на бубрезите
- смрт

### 3.КАКО СЕ ШИРИ (ПРЕНЕСУВА) COVID-19



Кога некој е носител на COVID-19 кашла или издишува, ослободува капки течност кој во себе го имаат вирусот. Поголемиот дел од капките паѓа на околната површина и предмети (стол, биро, телефон). Луѓето би можеле да се заразат со COVID-19 и преку допирање на загадени површини или предмети, а потоа со допирање на очите, носот или устата. Ако одредена личност стои на растојание од 1(еден) метар од личност која е заразаена со COVID-19, таа личност може да се зарази со вирусот преку вдишување на капките кои заразената личност ги исфрла преку кивање или кашлање. Со други зборови COVID-19 се шири исто како и грипот. Поголемиот број на заразени со COVID-19 има благи симпртоми и за краток период се оправуваат.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

## ИНФОРМАЦИИ, ПРЕПОРАКИ, МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА
## КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## 4.ШТО ТРЕБА ДА ПРЕВЗЕМААТ РАБОТОДАВАЧИТЕ

### 4.1. ПРОВЕРКА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ДАЛИ СЕ ХИГИЕНСКИ ЧИСТИ И УРЕДНИ

-Површините (столови, бироа) и предметите (тастатура, телефон, глувче) мораат редовно да се бришат и дезинфицираат



**Зошто?** Бидејќи контаминацијата на површините кои ги допираат вработените и соработниците се еден од главните начини на кој се шири COVID-19..
Редовно проветрување на затворените простории (чекални, училници, јаве превоз, конференциски сали и сл.)
Редовно проветрување на деловните објекти кои имаат надворешна структура или заеднички работни простории.

### 4.2. ПРОМОВИРАЊЕ НА РЕДОВНО И ТЕМЕЛНО МИЕЊЕ НА РАЦЕТЕ КАЈ СИТЕ ПРИСУТНИ (вработени и соработници)



-Поставете средства за дезинфекција на рацете на видни и обележани места. Водете грижа дозаторите редовно да се надополнуваат или заменуваат.
Осигурајте се дека вработените и изведувачите на одредени работни активности имаат непречен пристап до места на кои можат да ги измијат рацете со сапун и вода.

**Зошто?** Затоа што редовното и темелно миење на рацете го убива и го спречува ширењето на COVID-19ОТ.

### 4.3. ПРОМОВИРАЊЕ НА ДОБРА ХИГИЕНА НА ДИШНИТЕ ОРГАНИ НА РАБОТНОТО МЕСТО



-Обезбедете на работните места маски за лице и/или хартиени марамчиња, за оние кои имаат течење на секрет од носот и кашлаат, во периодот додека се на работа, заедно со канти за отпадоци со поклопец, за хигиенско одлагање на отпадот (маски, хартиени марамчиња).
Маските овозможуваат делумна заштита.
За да се спречи вирусот потребни се медицински маски или тврди маски FFP низ кои не може да помине ниту еден вирус.

**Зошто?** Затоа што добрата респираторна хигиена го спречува ширењето на COVID-19.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

# ИНФОРМАЦИИ, ПРЕПОРАКИ, МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА
# КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## 5.ПРЕПОРАКИ / УКАЖУВАЊА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ



-Да ги контактираат националните сојузи за патување на одредени дестинации, пред да тргнат на одредената дестинација.
-Да им напоменат дека ако COVID-19 започне да се шири во околината во која претстојуваат, секој кој има макар и блага кашлица или ниско покачена температура (37,3°C или повисока) мора да остане во својот дом и не смее да доаѓа на работното место.
-Да им напоменат дека исто така мораат да останат во своите домови или работните задачи да ги изведуваат од своите домови и во случај ако морале да земаат едноставни медикаменти као paracetamol, ibuprofen или aspirin, затоа што истите можат да ги прикријат симптомите на инфекцијата.
Во континуитет треба да се пренесува и промовира пораката, дека луѓето (вработените, граѓаните) треба да останат во своите домови, и во случај ако имаат благи симптоми на COVID-19.
Болните личности треба веднаш да одат на боледување.
Јасно да им дадат на знаење на вработените дека останувањето во своите домови може да го рачунаат како боледување.

## 6.РАБОТИ НА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОБРНЕ ВНИМАНИЕ ПРИ СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА



Да се провери дали има најнови информации за областите во кои се шири COVID-19.
Работодавачот и вработените треба добро да ги проучат најновите насоки и препораки за секоја дестинација.
Работодавачот треба да ги посоветува вработените пред самото патување да извршат здравствен преглед, како би се утврдило дали имаат симптоми на акутни болести на дишните патишта. Доколку имаат, најважно е да останат во своите домови.
Потребно е да се обезбеди потврда дека вработените кои мора да патуваат во региони кои пријавуваат COVID-19, ги добиле сите информации за превентива и слично, од квалификувани лица (здравствена служба, даватели на здравствени услуги, или локалниот јавен здравствен партнер)
Да се избегнува праќање во региони зафатени со COVID-19, на вработени кои можат да бидат изложени на поголем ризик од сериозни болести (вработени над 50 години старост и вработени со хронични болести – дијабетичари, срцеви болни, асматичари и сл.).
На вработените кои треба службено да патуваат да им се дадат на располагање, средства за дезинфекција (мали пакувања под 100 mL) кои ќе им го олеснат редовното миење на рацете.
Да се ,,охрабрат" вработените, редовно да си ги мијат рацете и да се држат на поголемо растојание од 1 (еден) метар при вербална комуникација со лица кои кашлаат или киваат.
Вработен кој ќе се разболи додека е на службен пат, веднаш треба да го информира непосредниот раководител. Вработените кои се вратиле од региони каде се шири COVID-19, треба да бидат под надзор минимум 14 дена, при што се следат дали ќе појават некои симптоми на зараза, истите во континуитет треба да ја мерат телесната температура најмалку два пати дневно. Ако развијат блага кашлица или ниска температура (37,3°C или повисока), мора да останат во своите домови, да се јават на јавно достапните броеви, да пријават и да се стават во самоизолација.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

## ИНФОРМАЦИИ, ПРЕПОРАКИ, МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА
## КОРОНАВИРУС (COVID-19)

### 7. ШТО ТРЕБА ДА ПРЕВЗЕМАТ ВРАБОТЕНИТЕ

Мерките за спречување на инфекција и ограничување на ширење на COVID-19, треба да се почитуваат и превземат од сите, без разлика дали им е дијагностициран вирус или имаат клинички симптоми карактеристични за него.
Да се избегнува користење на градски/меѓуградски јавен превоз.
Да се избегнува кашлање или кивање со ставање на раце (се препорачува да се кива во пределот на лактот на свиткана рака, а ако тоа не е возможно веднаш после кивањето да се изврши дезинфекција на рацете).
Употребата на хартиени марамчиња не ја исклучува потребата од миење на рацете после фрлање на марамчето во кантата за отпадоци.
Да се избегнуваат блиски контакти со лица кои покажуваат знаци на инфекција или имаат симптоми на болеста.
Да се избегнува патување во погодените со вирус реони.
Правилно да се користат медицинските маски и редовно да се врши нивна замена.

### 7.1. ШТО СЕ ПОДРАЗБИРА ПОД БЛИЗОК КОНТАКТ СО ЗАРАЗЕНА ЛИЧНОСТ



- ☑ Живеење во исто домаќинство
- ☑ Директен физички контакт со болниот (пр.допир)
- ☑ Незаштитен директен контакт (претстој во непосредна близина) со лице во момет кога тоа кашла или кива
- ☑ Претстој во иста просторија на растојание помало од 2m  во времетраење подолго од 15 минути
- ☑ Контакт со медицински персонал кои се грижи или третира болни од COVID-19
- ☑ Користење на јавен превоз

- **КОИ СЕ РАЗЛИКИТЕ ПОМЕЃУ COVID-19 И ГРИП**

COVID-19 и грипот имаат слични симптоми, кои прават потешко да се одреди дијагнозата. Главните симптоми на инфекција со COVID-19 се болка во грлото, треска и кашлање. Грипот најчесто го пратат и други симптоми како болка во мускулите.

- **ДАЛИ ТРЕБА ДА СЕ НОСИ МЕДИЦИНСКА МАСКА**

Употребата на медицински маски се препорачува во случај на респираторни симптоми (кашлање и кивање), како со носењето на медицинска маска би ги заштитиле другите. Ако лицето нема никакви симптоми нема потреба да носи маска, со исклучок на случаеви кога се наоѓа во близина на личност и е на помало растојание од 1,5m – 2m.
Во случај на носење на маска, истите треба да се користат и фрлаат на соодветен начин како би се обезбедила нивна делотворна употреба и би се избегнал зголемен ризик од пренесување на вирусот.
Употребата на медицинска маска само по себе не е доволно да се спречи/сопре инфекцијата и мора да се комбинира со често миење на рацете, прекривање на устат и носот при кашлање и кивање и избегнување на блиски контакти со секој кој покажува симптоми кои укажуваат на настинка или грип (кашлање, кивање, треска)

- **ЛИЧНОСТА КОЈА Е ПОД СОМНЕЖ ДЕКА Е ЗАРАЗЕНА СО COVID-19 ТРЕБА :**

- ☑ Веднаш да се јави на еден од јавно објавените броеви
- ☑ Да се самоизолира од контакт со други лица
- ☑ Веднаш да стави маска на лицето

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

## ИНФОРМАЦИИ, ПРЕПОРАКИ, МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА
# КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## 8. КАКО ДА СЕ УПРАВУВА СО РИЗИКОТ ОД COVID-19 ПРИ ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СОСТАНОЦИ И НАСТАНИ


ДАЛИ СОСТАНОКОТ Е ОТКАЖАН?

Организаторите на состаноци и настани треба да размислат за потенцијалниот ризик од COVID-19, затоа што постои ризик луѓето што присуствуваат на состанокот или настанот несакајќи да го донесат/пренесат вирусот, а присутните не знаејќи да бидат изложени на COVID-19.

## 8.1КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ НА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОБРНЕ ВНИМАНИЕ ПРЕД ЗАКАЖУВАЊЕ НА СОСТАНОК / НАСТАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ИЛИ НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИК ОД COVID-19

o Точно утврдување на потребата и неодложноста за одржување на состанок или настан
o Проверка на препораките/советите од надлежните органи за реонот/заедницата каде е планирано да се одржи состанокот или настанот. Следење на нивните препораки/совети.
o Изготвување и договарање план за подготвеност за спречување на инфекција на планираниот состанок или настан.



o Размислување дали е потребен состанок лице в лице или настан. Дали може да се замени со телеконференција или настан преку интернет комуникација?
o Дали може бројот на присутни на состанокот или настанот да се намали?
o Пред закажување на состанокот потребно е обезбедување и проверка на информациите и последните препораки од надлежните институции за актуелната состојба со COVID-19. Се до моментот на започнување на состанокот или настанот, организаторот да биде во тек со сите препораки и насоки, со цел навремено да може да реагира и да го откажете состанокот или настанот.




o Пред започнување на состанокот или настанот, организаторот треба да обезбедни резерви и материјали за заштита и спречување на ширење на COVID-19, вклучително и средства за дезинфекција на раце за сите учесници. Во секој момент треба да се има на располагање хируршки маски за да му се понудат на секој што пројавува респираторни симптоми, како и хартиени шамивчиња и канти со капак за отпадоци.
o Организаторот со самото закажување на терминот за состанок или настан, треба да ги советува сите планирани учесници, доколку имаат симптоми или се чувствуваат лошо, да не присуствуваат.
o Треба да се информираат сите присутни на настанот, дека ќе треба да достават детали за контакт: мобилен телефонски број, е-пошта и адреса каде престојуваат, и да им се напомене дека нивните контакт информации ќе бидат споделени со локалните власти за јавно здравје, со цел следење на нивни места на претстој, доколку некој учесник се разболи со сомнителна заразна болест. Доколку учесниците не се согласат со тоа потребно е да се информираат дека тие не можат да присуствуваат на настанот или состанокот.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

## ИНФОРМАЦИИ, ПРЕПОРАКИ, МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

## КОРОНАВИРУС (COVID-19)

o Да се изработи и договори план за одговор во случај, некој на состанокот да се разболи со симптоми на COVID-19 (сува кашлица, треска). Овој план треба да вклучува минимум:

- Определување просторија или област каде некој што не се чувствува добро или има симптоми може безбедно да се изолира
- Да се разработи план како можат присутните на состанокот или настанот безбедно да се пренесат од таа просторија во здравствена установа.
- Точно да се разработат чекорите што треба да се направи, ако кај учесник на состанокот, член на персоналот или давателот на услугата се утврдат позитивни симптоми за COVID-19 за време или веднаш по состанокот.
- Однапред да се договори усогласи планот со давателот на здравствени услуги или здравствен оддел – партнер на фирмата.

### 8.1 ЗА ВРЕМЕ НА СОСТАНОК ИЛИ НАСТАН




o Да се обезбедат информации или брифинг за присутните, по можност и усно и писмено, за COVID-19 и мерките што ги преземаат организаторите за овој настан да биде безбеден за учесниците.

o Да се изгради доверба (на пример, да се вежбаат начини да се каже здраво, без да се допира).

o Да се ,,охрабрат" присутните редовно да ги мијат рацете или да употребуваат алкохол.

o Да се ,,охрабрат" учесниците да го покриваат лицето со свиокот на лактот или хартиено шамивче ако кашлаат или киваат. Да се набават и постават хартиени шамивчиња и корпи со поклопец за отпадоци за да ги исфрлите внатре



o Да се обезбедат детали за контакт или телефонски број на здравствена установа или јавно објавен контакт број, на кој учесниците можат да се јават за совет или да дадат информации.



o Да се прикаже локацијата на рачни распрскувачи на база на алкохол, видливо да се чисти околу местото на настанот.

o Ако има простор, распоредот на столчиња да се организира така што учесниците да бидат оддалечени најмалку 1,5m до 2m еден од друг..



o Да се отвораат прозорците и вратите, кога е тоа можно, за местото е добро да биде проветрено.

o Ако некој од учесниците почнува да се чувствува лошо, да се постапи согласно планот за таква ситуација или да се контактира јавно објавениот контакт број.



o Во зависност од состојбата во областа или неодамнешното патување на учесникот, истиот да се стави во просторијата за изолација. Да му се понуди на учесникот маска за да може безбедно да се врати дома, доколку е соодветно, или до определен здравствен објект за проценка на неговата здравствена состојба.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

## ИНФОРМАЦИИ, ПРЕПОРАКИ, МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА
## КОРОНАВИРУС (COVID-19)

### 8.2 ПО СОСТАНОКОТ ИЛИ НАСТАНОТ



o Да се зачуваат имињата и деталите за контакт на сите учесници најмалку еден месец. Ова ќе им помогне на надлежните органи за јавно здравје да пронајдат луѓе кои можеби биле изложени на COVID-19 ако еден или повеќе учесници се разболат во одреден период по состанокот или настанот.

o Ако некој од присутните на состанокот или настанот бил изолиран како осомничен случај на COVID-19, организаторот треба да ги извести сите учесници за ова. Треба да ги советува да се самоизолираат и да ги следат личните симптоми 14 дена, како и да ја мерат температурата двапати на ден.

o Доколку се развие дури и лесна кашлица или треска со низок степен (т.е. температура од 37,3 $^{O}$ C или повеќе), тие треба да останат дома и да се изолираат. Ова значи да се избегне близок контакт (помало од 1,5m) со други луѓе, вклучително и членови на семејството. Тие исто така треба да се јават кај нивниот давател на здравствени услуги или локалниот оддел за јавно здравје, давајќи им детали за нивното неодамнешно патување и симптоми.


**ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНЖЕНЕРИ ЗА ЗАШТИТА ТУТЕЛА, СКОПЈЕ**

**M:+389 77 65 59 98**

**ziztutela@gmail.com ; contact@tutela.org.mk**

**www.tutela.org.mk**


**Заштитата при работа е важна за сите!**
**Добра е и за Вас! И за работата!**
**И за вработените!!!**

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

Здружение на инженери за заштита
ТУТЕЛА
Скопје

## ИНФОРМАЦИИ, ПРЕПОРАКИ, МЕРКИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

# КОРОНАВИРУС (COVID-19)

### ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА



Одржувајте редовна хигиена на рацете



Не го допирај лицето и делови од лицето



Кашлај и кивај во хартиено марамче или во внатрешната страна на лактот.



Избегнувајте места каде има гужва



Доколку не се чувствувате добро, останете дома и јавете се на јавно објавените контакти.

### ИСПРАВНО МИЕЊЕ НА РАЦЕТЕ



Наводенете ги рацете и нанесете сапун



Истријте ги сите површини на рацете, од надворешна страна, измегу прстите,палците,врвови на прстите (min 20 sec)



На крај добро исплакнете и избришете со хартиено марамче

**СИТЕ ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ ПРЕТСТОЈУВАЛЕ; ПАТУВАЛЕ НИЗ; ИЛИ ПРИСТИГНАЛЕ ОД РЕГИОНИ ОПФАТЕНИ СО COVID-19 ИЛИ КОИ СЕ СОМНЕВААТ ДЕКА СЕ ЗАРАЗЕНИ И ИМААТ И БЛАГИ СИМПТОМИ НА ЗАРАЗА, ПОКРАЈ МЕРКАТА САМОИЗОЛАЦИЈА ВЕДНАШ ТРЕБА ДА СЕ ЈАВАТ И ПОБАРААТ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ НА ЕДЕН ОД СЛЕДНИТЕ КОНТАКТ БРОЕВИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЗД Ало докторе** | **02/15-123** | **ЦЈЗ Охрид** | **070/723-029** |
| **ЦЈЗ Битола** | **071/261-330** | **ИЈЗ Скопје** | **078/387-194** |
| **ЦЈЗ Велес** | **071/219-278** | **ЦЈЗ Штип** | **078/365-613** |
| **ПЕ Гевгелија** | **078/545-444** | **ПЕ Гостивар** | **076/365-161** |
| **ЦЈЗ Кочани** | **071/373-931** | **ЦЈЗ Тетово** | **075/240-464** |
| **ЦЈЗ Куманово** | **070/723-029** | **ЦЈЗ Струмица** | **072/235-543** |
| **ЦЈЗ Прилеп** | **076/475-747** | **ЦЈЗ Скопје** | **071/289-614** |

Посебна линија за информирање и пријавување на непочитување на мерките што ги воведе Владата за заштита од ширење на коронавирусот.

**0800 00201**

или на електронската адреса:
mvrinformaciiuslugi@moi.gov.mk

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

## ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
### МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## КАКО ДА ПАТУВАТЕ БЕЗБЕДНО ДО И ОД РАБОТНОТО МЕСТО




1,5 m

Избегнувајте јавен превоз.
Доколку немате друга опција за превоз:

- ✓ Држете, стоите на растојание од минимум 1,5 метар од другите во превозното средство, ако е возможно.
- ✓ Ако е возможно оддалечете се од лица кои кашлаат и киваат тргнете се од просторот пред нив / свртете се спротивно од правецот на кашлање или кивање

## ОДРЖУВАЈТЕ ЈА ХИГИЕНАТА НА ВАШЕТО РАБОТНО МЕСТО

| | | |
|---|---|---|
| РАБОТНО БИРО | ✓Редовно мијте ги рацете со сапун и топла вода или користите средство за дезинфекција<br>✓Користете антибактериски влажни марамчиња и повремено пребришувајте ги бирото, столчето, кваките од вратата и оние делови од работноо место кои често ги допирате. |  |
| КОМПЈУТЕР ТЕЛФОН | ✓Редовно мијте ги рацете со сапун и топла вода или користите средство за дезинфекција<br>✓Редовно пребришувајте ги фиксниот и мобилниот телефон, личниот ЛАП ТОП или тастатутрата, глувчето од персоналниот компјутер со антибатериски влажни марамчиња<br>✓Никогаш не го оставајте мобилниот телефон на секое биро/маса, доколку тоа го направите користете хартиено марамче или после тоа веднаш пребришете го со антибактериски влажни марамчиња. |  |
| ЗАЕДНИЧКИ АПАРАТИ | ✓Редовно мијте ги рацете со сапун и топла вода или користете средство за дезинфекција пред да ги употребувате заедничките канцелариски апарати (печатар, скенер, факс и сл.)<br>✓Избегнувајте да разменувате канцелариски материјали (хефталка, калкулатор, линиар, сл.) |  |
| ЗАЕДНИЧКИ ТОАЛЕТИ | ✓Редовно мијте ги рацете со сапун и топла вода или користете средство за дезинфекција пред да го користите тоалетот<br>✓После употребата на тоалетот повторно измијте ги рацете со сапун и топла вода или користете средство за дезинфекција |  |
| ПРОЗОРИ ВО КАНЦЕЛАРИЈА | ✓РЕДОВНО ПРОВЕТРУВАЈТЕ ГО РАБОТНИОТ ПРОСТОР ВО КОЈ РАБОТИТЕ |  |

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

# ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

## МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

## ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

КОРОНАВИРУС (COVID-19) **се пренесува** од едно на друго лице **преку респираторните секрети**, а особено **преку воздушно капков пат**.

**Ризикот** од инфекција **е најголем** кога инфицираното лице **кашла, кива или зборува** во околината при тоа **исфрлајќи секрет**, а можен е и **директен пренос** преку **контакт**, ако **со рацете** се **допираат контаминирани површини** со секрети кои во себе содржат **COVID-19**.

**Секој треба да рабере дека вирусите се распространуваат лесно, и не е срамно да било кој се ифицира и разболи од инфекцијата.**

## ЛИЧНАТА ХИГИЕНА Е НАЈБИТЕН ФАКТОР ЗА ПРЕВЕНЦИЈА



- ✓Телесната температура е важен симптом на COVID -19, задолжително мерете ја секој ден пред да дојдете на вашето работно место.
- ✓Ако имате покачена телесна температура, задолжително останете во вашиот дом и јавете се на јавно објавените телефонски контакти.



Секогаш кивајте во хартиени марамчиња или во раката во пределот на лактот.



Искористените марамчиња секогаш фрлајте ги во канта за отпадоци со поклопец



Рацете на крајот секогаш мијте ги со сапун и вода или користете средство за дезинфекција

**АКО КАШЛАТЕ ИЛИ КИВАТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСТАНЕТЕ ДОМА И ПОБАРАЈТЕ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ**

- ✓Во текот на денот со рацете допирате многу површини и предмети, а со самото тоа вирусите можат да се залепат на нив. Затоа редовно мијте ги со сапун и вода или користете сердство за дезинфекција.

**Избегнувајте да ги допирате носот, устата или очите!!!**



## ПРАВИЛНА УПОТРЕБА НА ЗАШТИТНА МАСКА



- ✓Пред да ја поставите маската добро измијте ги рацете со сапун и вода или користете средство за дезинфекција



- ✓Покријте ги устата и носот со маската, при тоа внимавајте маската да е добро прилепена за лицето и да нема отвори од каде странично би влегувал воздух.



- ✓Избегнувајте да ја допирате маската додека ја користите, ако треба да го направите тоа, претходно добро измијте ги рацете со сапун и вода или користете средство за дезинфекција

**После употребата, без да се допира надворешниот дел од маската, истата се вади и фрла во корпа за отпадоци со поклопец, а рацете добро се мијат со вода.**

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

# ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
## МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## ПРЕПОРАКИ ЗА ВРАБОТЕНИ ВО МАГАЦИН (ПРИЕМ/ИЗДАВАЊЕ НА СТОКА)

| | | |
|---|---|---|
|  | **Дезинфекција и хигиена на работниот простор** | Магацинскиот простор целосно да се **дезинфицира на секои 24 часа** од овластена служба за тоа |
|  | **Заштини средства за вработените** | Да им се овозможи на вработените редовен пристап и можност за користење на **доволна количина на заштитни маски и ракавици**, за непречено извршување на работните активности |
|   | **Лична хигиена на вработените** | Во просторот задолжително да се обезбеди **достапност на средство за дезинфекција** Да им се укаже на вработените да ги почитуваат општите препорачани мерки за повисоко ниво на **лична хигиена** (зачестено миење на раце со топла вода и сапун или употреба на средство за дезинфекција) |
|  | **Правилно отстранување на личните заштитни средства** | **По напуштање на работното место** извадете ги заштитните ракавици и заштитната маска, фрлете ги во корпа со поклопец и задолжително добро измијте ги рацете со сапун и топла вода |
|  | **Ограничен пристап на лица** | **Да се ограничи пристапот на лица** кои не вршат директини активности во магацинот |
|  | **Прием и издавање на документи** | **Да се обезбеди изолирано место** за шалтерска работа, за прием и издавање на документи кои ја пратат стоката (доколку постојат технички можности во објектот) |
|  | **Утовар и истовар на стока** | Редовно да вршат лица кои се **вработени во магацинот**. Возачите на превозното товарно возило, задолжително да бидат исклучени од процесот. Истите траба да седат во кабината или на посебно одредено место за нив |
|   | **ТОАЛЕТИ (санитани чворови)** | Да се обезбеди **посебен санитарен чвор** за вработените во магацинот, а посебен за надворешните лица |

**НАПОМЕНА:** Во случај на непосреден контакт со позитивен случај на **COVID-19** (лабораториски потврден) без разлика дали има или не симптоми, вработениот веднаш да се изолира и случајот да се пријави на еден од јавно објавените контаки.

**ВНИМАВАЈТЕ!!! Доколку се појават симптоми на COVID-19** веднаш да се напушти работното место и да се постапи согласно препораките на компанијата или надлежните институции и да се јави на еден од јавно објавените контакт броеви.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; http://fva.gov.mk/; https://oshwiki.eu/;

# ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
## МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

## ПРЕПОРАКИ ЗА ВРАБОТЕНИ ВО ПРОИЗВОДСТВЕНИ ПОГОНИ

(не се однесува на погони во кои се произведуваат прехрамбени продукти)

| | | |
|---|---|---|
|  | **Реорганизација на работно време и вработените** | **Лимитирање на бројот на вработени** (воведување на работа во смени, времен одмор на дел од вработените, работа од дома) со цел да се намали бројот на вработени во одреден период и овозможи растојание меѓу присутните вработени од 1,5m – 2m. |
|  | **Хигиена на работното место/површини** | Во погонот задолжително да се обезбеди **достапност на средство за дезинфекција** на работни површини (повремена дезинфекција на работната површина е обврска на вработениот на местото каде работи во текот на работното време) |
|  | **Лична хигиена на вработените** | Да им се укаже на вработените да ги почитуваат општите препорачани мерки за повисоко ниво на **лична хигиена** (зачестено миење на раце со топла вода и сапун или употреба на средство за дезинфекција) |
|  | **Редовно проветрување на работниот простор** | Да се врши почесто **проветрување на работните простории** повеќе пати во текот на денот (преку природна и вештачка вентилација) |
|  | **Дезинфекција и хигиена на работниот простор** | По можност почесто, но најмалку еднаш неделно да се врши **дезинфекција на сите работни простории** особено во погоните од овластена служба за тоа |
|  | **Блиски контакти на вработените во погонот** | Да се избегнува групирање или близок контакт на вработените од погонот меѓу себе во текот на работниот процес, а посебно да се избегнува контакт со лица кои не работат во погонот |

## ПРЕПОРАКИ ЗА ВРАБОТЕНИ НА ЕКСПОНИРАНИ РАБОТНИ МЕСТА

| | | |
|---|---|---|
|  | **Употреба на заштитни средства** | Вработени кои работат како **портири или курири** (разнесуваат докумети и сл.) како и вработени кои работат како **дистрибутери** на готови производи, репроматеријали, хартиени документи задолжително мораат да користат заштитни средства (заштитна маска, ракавици), кои по употребата правилно се отстрануваат и фрлаат, по што рацете се мијат со сапун и топла вода или средство за дезинфекција. Да се настојува по можност едно лице во континуитет да врши ваков вид на работни активности. |

**НАПОМЕНА:** Во случај на непосреден контакт со позитивен случај на **COVID-19** (лабораториски потврден) без разлика дали има или не симптоми, вработениот веднаш да се изолира и случајот да се пријави на еден од јавно објавените контаки.

**ВНИМАВАЈТЕ!!! Информирајте ги вработените** доколку имаат симптоми на **COVID-19** веднаш да го напуштат работното место и да постапат согласно препораките на компанијата или надлежните институции и да се јават на еден од јавно објавените контакт броеви.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

# ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
## МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## ПРЕПОРАКИ ЗА РАБОТНИЦИ НА ГРАДИЛИШТЕ
### Препораки за сите присутни на градилиштето



**Евиденција на присуство / отсуство**

**Задолжително евидентирајте се** при влез и излез од градилиштето.



**Почитување на сите информации /насоки**

Пред секој влез во градилиштето информирајте се да не има некои нови **информации/ препораки** за однесување, како и за COVID-19.




**Дезинфекција пред влез/излез од градилиштето**

Пред секое влегување и излегување од градилиштето задолжително извршете **дезинфекција** на рацете и доколку има можност и на чевлите.



**Заштитни средства**

Задолжително носете ги сите доделени **заштитни средства. Заштитната маска** задолжително носете ја кога нема да имате можност да го обезбедите препорачаното растојание во однос на друг вработен.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ



**Користете корпи за отпадоци со поклопец**

Искористените ракавици, заштитни маски, хартиени марамчиња со ваши секрети, задолжително фрлајте ги во **корпи за отпадоци** со поклопец обележани за таа намена.




**Средства за дезинфекција и места за лична хигиена**

**Редовно мијте ги рацете.** Секогаш кога не сте во можност да ги измиете рацете, користете ги **средствата за дезинфекција.**



**Однесување и групирање на вработените**

Внимавајте на **редот и однесувањето,** избегнувајте групни собирања со колегите (посебно на појадок, кафе пауза и сл.)



**НЕ го допирајте лицето**

Бидете сконцентрирани при работата, внимавајте **да не го допирате лицето**, односно очите, носот и устата.




**Одржувајте безбедно растојание меѓу вработените**

Внимавајте секогаш меѓу вас и колегите да **обезбедите најмало растојание** од 1,5 до 2 метра (по хоризонтала и вертикала) на работни позиции, како и при користење на пауза.



**Личен алат и средства за работа**

Секогаш настојувајте да го користите **личниот алат и средства за работа**, не го менувајте со колегите.

**ВНИМАВАЈТЕ!!! Доколку имате симптоми на COVID-19 не доаѓајте на работа, а доколку ги почувствувате во текот на работното време веднаш информирајте го раководителот постапете согласно препораките на претпоставените и на надлежните институции, јавете се на еден од јавно објавените контакт броеви.**

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

# ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
## МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

## ПРЕПОРАКИ ЗА ГРАДИЛИШТА (ИНВЕСТИТОРИ/РАБОТОДАВАЧИ)
### Препораки/известувања за сите присутни во градилиштето

| | | |
|---|---|---|
|  | **Евиденција на сите лица кои по некој основ биле или сеуште работат на градилиштетото** | **Евидентирајте ги сите лица/вработени** кои биле или се присутни на градилиштето и списоците од секој ден чувајте ги најмалку 30 дена |
|  | **Информации / Насоки за однесување на градилиштето** | На влезот/видно место поставете табли или плакати со **информации/ препораки** за однесување и за COVID-19; Препорачливо е и на влез да се користи **термална камера или термометар**. |
|  | **Средства за дезинфекција на лицата и возилата кои влегуваат на градилиштето** | На влезот поставете **средство за дезинфекција** на секој кој ќе влезе во градилилиштето, како и средство за дезинфекцила на возилата (градежни, транспортни, дистрибутивни и сл.) |

## ПРЕПОРАКИ ЗА ЗАШТИТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ГРАДИЛИШТЕТО

| | | |
|---|---|---|
|  | **Заштитни средства за вработените** | Обезбедете доволно **заштитни средства** за вработените |
|  | **Обележани места со корпи за отпадоци со поклопец** | Обезбедете **корпи за отпадоци** со поклопец за фрлање на искористените (ракавици, маски и хартиени марамчиња). Истите обележете ги за што се наменети. |
|  | **Средства за дезинфекција и места за лична хигиена** | Обезбедете на целото градилиште неколку места со **средства за дезинфекција**, како и места со вода каде вработените ќе можат да ги мијат рацете |
|  | **Однесување и групирање на вработените** | **Организирајте го редот и однесувањето** на вработените со поставување на информативни табли/знаци во градилиштето со кои ќе укажете како да се однесуваат и да не се групираат |
|  | **Дезинфекција и чистење на сите патишта / коридори за движење** | Еднаш дневно вршете **дезинфекција на коридорите за движење,** санитарните јазли, местата каде се полни вода и просториите каде вработените конзумираат храна. |
|  | **Безбедно растојание меѓу вработените** | Организирајте ја работата така, што ќе **обезбедете најмало растојание** меѓу вработените од 1,5 до 2 метра (по хоризонтала и вертикала) на работни позиции, како и при користење на пауза |
|  | **Дезинфекција на сите новопристигнати материјали** | Сите **новопристигнати материјали и полупроизводи,** посебно пластика или метал, задолжително да се дезинфицираат. |

**ВНИМАВАЈТЕ!!! Доколку некое лице има симптоми на COVID-19 веднаш да го напушти градилиштето и да се постапи согласно препораките на надлежните институции, да се јави на еден од јавно објавените контакт броеви.**

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

# ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
## МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## ПРЕПОРАКИ ЗА ОРГАНИЗАТОРИ НА ТРАНСПОРТ/ПРЕВОЗ НА СТОКИ

| | | |
|---|---|---|
|  | **Дезинфекција и хигиена на работниот простор** | Организаторот на транспортот во своите простории и санитарни чворови, треба да обезбеди **хигиена и редовна дезинфекција** од овластена служба за тоа |
|  | **Ограничување на групирање на возачите** | Да **ограничи истовремено присуство** на поголема група на возачи во работните простори, односно да овозможи присуство на принцип еден по еден возач. |
|  | **Прием и издавање на документи** | **Да се обезбеди изолирано место** за шалтерска работа, за прием и издавање на документи кои ја пратат стоката (доколку постојат технички можности во објектот) |
|  | **Пропратна документација** | **Пропратната докуметација** на стоката, која возачот ја носи со себе, треба да е спакувана во посебна папка или пластични фолии, кои повремено треба да се дезинфицираат. |
|  | **Хигиена на возилата за транспорт** | Возилата кои се користат за транспорт на стока, посебно кабината на возачот, потребно е **редовно да се чистат и дезинфицираат** (по можност на секои 24 часа). |
|  | **Заштитни средства и средства за дезинфекција** | **Возилата да се опремат** со заштитни средства (ракавици и маски) како и средства за лична хигиена и средство за дезинфекција за возачот. |
|  | **Транспортни коридори** | Пред почеток на транспортот **да се приберат информации** за сите дозволени коридори на движење во секоја држава, кои возачот ќе ги користи во текот на транспортот на стоката. Да прибере информации за состојбата со COVID-19, како и потребните барања во поглед на заштита од COVID-19, за секоја држава. |

**НАПОМЕНА:** Во случај на непосреден контакт со позитивен случај на **COVID-19** (лабораториски потврден) без разлика дали има или не симптоми, вработениот веднаш да се изолира и случајот да се пријави на еден од јавно објавените контаки.

**ВНИМАВАЈТЕ!!! Доколку се појават симптоми на COVID-19** веднаш да се прекине со управување на товарното возило и да се постапи согласно препораките на компанијата или надлежните институции и да се јави на еден од јавно објавените контакт броеви во државата во која се наоѓа.

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; http://fva.gov.mk/; https://oshwiki.eu/;

# ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
## МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОТРОШУВАЧИ ВО ПРОДАВНИЦИ (МАРКЕТИ)
### Препораки/известувања за сите присутни во продавницата (маркетот)




**Пред влезот на самиот објект препорачливо е да има подлога со средство за дезинфекција**

Секој корисник/потрошувач пред да влезе во продавницата мора да ги избрише чевлите од подлогата во која има средство за дезинфекција



**Во самата продавница препорачливо е да има насоки за однесување**

На влезот/видно место и внатре во продавницата поставете јасни насоки за однесување на потрошувачите

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОТРОШУВАЧИ ПРИ ПОСЕТА НА ПРОДАВНИЦА (МАРКЕТ)



**Користете заштитна маска**

**Заштитната маска** ќе ви помогне да не вдишувате инфициран воздух, ќе ве заштити од внесување на капки секрет кои ги исфрлаат вработените /другите потрошувачи во продавницата



**Користете заштитни ракавици**

**Заштитните ракавици** ќе ве заштитат од директен допир со инфицирани површини. Имајте во предвид дека во текот на пазарењето треба да бидете сконцентрирани и да внимавате да не го допирате лицето (очи, нос, уста)




**Избегнувајте да ги допирате производите / артиклите**

**Не ги допирајте** сите производи на полиците во продавницата, со самото допирање може да ги заразите или да се заразите самите. Визуелно одберете го производот кој ќе го земете и после тоа ставете го во вашата кошница за пазарување




**Држете безбедно растојание со присутните во објектот**

**Држете доволно растојание** со другите присутни лица во продавницата, не се прилепувајте до нив поради можноста за полесно пренесување на вирусот.



**Не се групирајте со другите присутни лица**

**Избегнувајте места** во продавницата каде во исто време претстојуваат повеке од две лица. Доколку е потребно да земете некој производ, почекајте да се расчисти просторот па пристапете.



**Период на престој во продавницата**

**Избегнувајте подолги задржувања** во продавницата, дојдете во неа со подготвен список на артикли за пазарење и без долго задржување земете ги и упатете се на каса




**Држете безбедно растојание со другите во редот пред касата**

Додека стоите во ред пред касата, настојувајте помеѓу лицето пред вас и тоа позади вас, да има најмалку 1,5 до 2 метри **безбедносно растојание**. Избегнувајте разговори со присутните во редот.

**НАПОМЕНА: Доколку имате симптоми на COVID-19 не е препорачливо да одите на места каде претстојуваат други лица. Во таков случај самоизолирајте се и јавете се на еден од јавно објавените контакт броеви.**

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

# ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

## МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПРАВИЛНО МИЕЊЕ НА РАЦЕТЕ




**НАПОМЕНА:** <u>**ПРАКТИКУВАЈТЕ МИЕЊЕТО ДА ГО ИЗВРШИТЕ СО ТЕЧЕН САПУН**</u>
**ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ЦЕЛАТА ПОСТАПКА ТРЕБА ДА ТРАЕ МИНИМУМ 20 секунди**

Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

**ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
**МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)**

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПРАВИЛНО НАНЕСУВЊЕ НА СРЕДСТВО ЗА ДЕЗИНФЕКЦИЈА




Користени информации од:http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/;https://www.who.int/;https://www.icrc.org/en;https://vlada.mk/covid19; http://imt.mk/; https://oshwiki.eu/;

## ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА
### МЕРКИ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ ИЛИ УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОРОНАВИРУС (COVID-19)

## КАКО ДА СЕ СПРАВИТЕ СО СТРЕСОТ ВО ПЕРИОД НА ЕПИДЕМИЈА ОД COVID-19



✓ Во период на криза е нормално да се чувствувате тажни, да бидете под стрес, збунети, уплашени или дури и лути. Ако разговарате со личности во кои имате доверба, тоа може да делува позитивно на вашата состојба и да Ви помогне. Контактирајте со Вашето семејство и пријателите.



✓ Ако се наложува да останете дома, организирајте го животот здраво, вклучувајќи правилна исхрана, доволен сон, физички активности и социјални контакти со домашните, email и телефонски контакти со пријателите и фамилијата.



✓ Не користете цигари, алкохол или други наркотични средства за да ги смирите емоциите. Справете се со емоциите на здрав начин. Ако се чувствувате збунети и емоционално оптоварени побарајте и лекарска помош. Направете план каде да отидете и како да побарате помош за физичкото и психичкото здравје.



✓ Имајте во предвид дека не секоја информација за COVID-19 е точна. Бидете информирани и користете релевантни извори на информации, како националните здравствени институции или Светската здравствена организација.




✓ Ограничете го притисокот и паниката, со тоа што ќе го намалите времето кое вие и вашето семејство го поминувате во следење на медиумските куќи, а со тоа и гледање или слушање на информации кои ве растревожуваат.



✓ Применувајте методи и практики користени во минатото, кои ви помогнале да надминете разни тешки ситуации и непријатности, со цел и сега да ви помогнат да се справите со своите емоции во време на епидемија.

Користени информации од: http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/ ; https://www.who.int/ ; https://www.icrc.org/en; https://vlada.mk/covid19 ; http://imt.mk/ ; https://oshwiki.eu/;

# ЗДРАВИ РАБОТНИ МЕСТА НАМАЛЕТЕ ГО ОПТОВАРУВАЊЕТО - ПРЕТСТОЈНА КАМПАЊА НА EU OSHA ЗА МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИ НАРУШУВАЊА (МСН)



Статија за кампањата Здрави работни места 2020-2022 за списанието Тутела, Македонија (медиумски партнер за време на кампањата **„Управување со опасни материи“)**

Милиони работници низ цела Европа страдаат од мускулно-скелетни нарушувања поврзани со работата. Најчестите МСН поврзани со работата се болки во грбот и болки во горните екстремитети. Бројни физички, организациони, психосоцијални и индивидуални фактори можат да придонесат за нивниот развој. Според Европското истражување на претпријатијата за нови ризици за 2019 година, најчесто пријавуваниот фактор на ризик во ЕУ-27 е повторувачки движења на дланка или рака (пријавени од 65% од претпријатијата). Други ризици поврзани со МСН вклучуваат продолжено седење (61%) - најчесто се смета за нов ризик на МСН – кревање или преместување лица или тешки товари (52%), временски притисок (45%) и заморни или болни позиции (31%).

Иако МСН може да се спречат (превенираат), тие и понатаму остануваат најчестиот здравствен проблем поврзан со работата во Европа. Ова предизвикува загриженост не само заради нивното влијание врз здравјето на поедини работници, туку и заради нивното штетно влијание врз претпријатијата и националните економии.

Во октомври 2020 година за време на Европската недела за безбедност и здравје при работа, EU OSHA ќе ја започне својата кампања за здрави работни места, фокусирајќи се на превенцијата на МСН поврзани со работата. Кампањата ќе трае до ноември 2022 година и ќе го промовира управувањето и спречувањето на проблемот. Истата ќе опфати неколку приоритетни области, вклучително и ергономско работно опкружување, рана




интервенција на МСН, физички активности и како може психосоцијалните ризици да влијаат на МСН. Кампањата исто така вклучува и конкурс за награди за добра практика ширум Европа, препознавајќи успешни и одржливи иницијативи за управување со МСН поврзани со работата.

Веќе можете да добиете првични информации за кампањата. Новата веб-страница (која ќе биде објавена на 29 април 2020 година) изобилува со информации и корисни ресурси за МСН поврзани со работата и зошто ние мора да управуваме со нив. Многу алатки и ресурси ќе бидат додадени на повеќе јазици, во насока на започнување со кампањата.

За повеќе информации, посетете ја веб страната **https://healthy-workplaces.eu**, делот **thematic section on MSDs** (https://osha.europa.eu/en/themes/musculoskeletal-disorders) или следете го хаштагот **#Euhealthyworkplaces.**

д-р Криста Селдачек,
Извршен Дирекот на EU OSHA

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Можеби оваа тема не е соодветна за актуелната состојба во која се наоѓаме, пандемијата со КОВИД-19, но е тема со која ќе треба да продолжиме по завршувањето на пандемијата. Ако минатиот број коментирав дали треба да се донесе измена на Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа (Сл. весник на РМ бр. 10/2014), кои се можните последици и ...., а искрено се надевав дека надлежното министерство ќе се откаже од идејата за измена на правилникот, денес свесен за она што се донесе, би сакал да дадам само мое мислење за она што го добивме, односно нов Правилник за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа (Сл. весник на РМ бр. 275/2019).

Како прво, сите мои претпоставки за можните импликации со донесувањето на нов правилник напишани во претходниот текст за минатиот број на „ТУТЕЛА“ се оствarija. Реакции за постапката на донесување, многу интереси, недефинирани работи, незадоволни учесници во процесот на БЗР и што уште не.

Дали добивме подобар правилник? Моето мислење е НЕ! Да, затворивме некои нејасни работи, но произлегоа други прашања за кои сѐ уште немаме одговор. Како лице кое е од овластените правни субјекти, многу работи ми одговараат со новиот правилник, но како лице кое многу години работи во професијата, сметам дека основните работи поради кои требаше да се промени правилникот (освен претворање на цените од евра во денари) не се променети. Сѐ уште постојат можности за манипулации, продавање на хартија, немање гаранција за квалитет и сл. Една работа која мислам дека е позитивна е дефинирањето на минимални цени, па така секој од нас како правни субјекти со овластување може да дефинира различни цени. Нема да коментирам околу висината на цените, за некои секогаш ќе бидат високи, за други ниски. Она што ме заинтригира околу содржината на правилникот е непознавање на системот за безбедност и здравје при работа. Не ме изненадува, бидејќи во нашава држава сѐ уште нема критична маса со доволно познавање на областа на БЗР која би ги променила овие „налудничави“ решенија. Односно, што си дробиме, тоа и си сркаме. Колку од нас застанаа против оние кои ќе извршат мерења со „џепни“ инструменти кои

не ги задоволуваат основните стандарди дефинирани во правилник? Колку од нас реагираа на проценките кои се копија од друга фирма? Колку од нас реагираа на дадени уверенија за неспроведени обуки или пак обуки на кои ќе беше презентиран законот, а ништо за безбедноста на работното место? Сè додека чекаме некој друг да реагира и да ни ја заврши работата, такво ќе биде и мислењето, такви ќе ни бидат правилниците, такви ќе бидат „интересите“. Но, да се вратиме на содржината и членовите кои оставаат можности за манипулации или пак се далеку од „системско“ решавање на областа.

За голем дел на досега поставените прашања може да се даде одговор, на ваков или онаков начин, дури и има можност за спроведување на ваков или онаков начин. Она што мене како стручно лице за безбедност при работа ме интригира е наведено во текстот кој следи.

Во членот 5 каде се дефинирани мерењата и испитувањата на нисконапонските електрични инсталации, останува нејасно со кое овластување ќе се извршуваат овие работи (како што впрочем беше и во претходниот правилник), дали тоа ќе биде со овластувањето за испитување на опрема за работа (каде е дефиниран инструментот за мерење на електрични големини) или ќе биде со овластувањето за изготвување на проценка на ризик, бидејќи цената на ова мерење се поврзува со изработката на проценка на ризик.

Членот 6 остава неколку недоречености како што е „... во зависност од бројот на вработени кои се обучуваат...“, па сега ќе размислуваме дали бројот кои ќе се обучуваат, е дефиниран со склучениот договор со правниот субјект или групата на вработени која во моментот е на обука. Она што е дефинирано во вториот став од истиот член е спротивно на законските барања, односно се воведува цена за проверка на оспособеноста за безбедност и здравје при работа.

Членот 7 е приказна за себе и ако се тргне да се образложуваат сите проблеми при негово спроведување, ќе треба многу време и простор. Она што најмногу ми пречи е дефинирање на цени за моментално мерење на прашина и на органски и аноргански пареи и гасови. Можеби и за тоа ќе најдеме одговор, но проблемот ќе биде во спроведувањето и најчесто ќе се мери моментална вредност. Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанции дава гранични вредности за 8-часовна изложеност, така што во старт добиените вредности при моменталните мерења се неспоредливи. Би се сложил доколку моменталните мерења (иако никаде на друго место не се дефинирани) се користат за откривање на постоење на одредена прашина или хемиска супстанција, но никако како крајна измерена вредност за 8-часовна изложеност. Во тој случај моменталните мерења

би биле показател за присуство на одредена хемикалија која подоцна би се мерела и споредила со граничните вредности за 8-часовна изложеност. Исто така во овој правилник се дефинира и цена за мерења на нејонизирачки електромагнетни зрачења, а испуштени се мерењата на нејонизирачки вештачки оптички зрачења. Образложенијата дека и тие се во спектарот на електромагнетни зрачења, воопшто не држи, бидејќи имаме расчленување (одвоени цени) на мерењата за вибрации (дланка-рака и цело тело).

Како и да е, слободно можам да заклучам дека овој правилник можеби разреши одредени дилеми од стариот правилник, но далеку од тоа дека не отвори нови. Ако требаше да ги решиме постоечките (а не се целосно решени), не значи дека треба да создаваме нови недоречености. Слободно можам да истакнам дека од претставниците на надлежното министерство добивме „зелено светло“ да подготвиме нов правилник кој ќе биде разгледуван по завршувањето на пандемијата која сега е најактуелна. Останува сите заинтересирани членови на ЗИЗ „Тутела“ активно да се вклучат во изготвување на еден „проблематичен“ правилник.

м-р Борче Стојчевски,
стручно лице за БЗР

# ОРГАНИЗАЦИСКОТО МОТИВИРАЊЕ КАКО БЗР-АЛАТКА

Организациите претставуваат вештачки системи во чиешто оформување луѓето вградуваат одредени цели и очекуваат (настојуваат) тие цели перманентно да се остваруваат со нивно правилно функционирање (*Кралев, 2007*). Во една општа форма, системот претставува збир на меѓусебно поврзани компоненти коишто функционираат заедно заради остварување на одредена цел (*Alter, 1996*). Во двете дефиниции фокусот е ставен на целите. Тие се исход на системите, односно посакувана идеја, желба или резултат.

Нивното остварување во рамките на системите е поврзано со менаџерите и менаџирањето, а тие пак најдиректно се поврзани со вработените.

Една од неговите компоненти е потсистемот за безбедност и здравје при работа (СБЗР). СБЗР е комплексен систем којшто претставува функција од разнородни елементи; какви што се: човечки ресурси, технички средства, технолошки процеси, легислативни и организациски акти и стандарди; со јасно дефинирана цел: **продуцирање оптимална безбедност при работа**. Во врска со исполнувањето на оваа цел, но и на останатите, Вонг (Wong) посочува дека во најголем дел тоа зависи од ефективноста на потситемот за управување (менаџирање), *слика бр.* 1. Меѓутоа, покрај менаџментот којшто ја има формалната власт за оптимално постигнување на целите, влијание имаат и вработените. Тоа е резултат на нивниот статус на компонента во системот.




Слика бр. 1

Денеска, менаџерите применуваат различни стилови на управување и пристапи при менаџирањето, со различен степен на мотивирање.

Мотивацијата кај човекот е една од неговите есенцијални психолошки карактеристики. Во зародишот на цивилизацијата таа се поврзувала со инстинктите и задоволување на базичните потреби за преживување. Со еволуцијата на човекот еволуирала и таа, па денеска се асоцира со сите современи процеси во коишто учествува човекот. Есенцијалноста на мотивацијата придонела таа да се разгледува од различи аспекти на научна основа. Имено, во современото општество станала една од фокалните точки на психологијата. Како резултат на тоа, во психолошките кругови постојат низа теории за нејзино дефинирање, објаснување и карактеризирање.

Една многу општа и кратка дефиниција, а сепак релевантна, укажува на тоа дека „мотивацијата претставува атрибут којшто нè побудува да правиме или да не правиме нешто“ (*Gredler, Broussard and Garrison, 2004*).

Во природата на човекот е тој да има или нема мотив за извршување на некакво дејство (физичко-интелектуална активност) или исполнување на некаква цел. Вообичаено тој (мотивот) се врзува за личните потреби, такви примери се: една индивидуа работи за да си обезбеди финансии, вработениот се здружува во неформални групи во организацијата за да припаѓа и да има пријатели, итн.

Бидејќи индивидуата е интегрална целина, таа при учеството во различните животни процеси со себе ги носи сите свои карактеристики, вклучувајќи ја и мотивацијата. Тоа значи дека релевантноста на мотивацијата не е ограничена само на личниот аспект од нејзиниот живот, туку се рефлектира и во работните процеси.

Ова овозможува стручните лица за БЗР да ја инструментализираат и да ја вметнат во организациските процеси секаде што постојат интерфејси помеѓу човечкиот фактор и останатите елементи на системот, *слика бр.* 2.




Слика бр.2

Психолошката наука ја поделила мотивацијата на две компоненти: мотивација однатре и мотивација однадвор, *слика бр. 3*.




Слика бр.3

Мотивацијата однатре претставува „мотивација којашто е анимирана преку лично задоволство, интерес или уживање“ (*Lai, 2011*). Во врска со неа Деци (Deci) и др. елаборираат дека таа ги покренува и одржува активностите преку спонтано задоволство инхерентно на ефективно посакувано дејство. Лаи (Lai) за мотивацијата однадвор, пак, вели дека е водена преку засилени настани или околности коишто секогаш не може да се предвидат во целост. Значи, мотивацијата однадвор е врзана со надворешни случувања (мотиватори) коишто ја засилуваат внатрешната мотивација на индивидуата.

Во контекст на бизнисот, организациите ја поврзуваат со тоа колку вработените успешно ги реализираат нивните работни цели. „Мотивацијата се оние фактори коишто го предизвикуваат, го насочуваат и го поддржуваат однесувањето на човекот (вработениот)“ (*Кралев, 2007*). Во овој контекст Мекгрегор (McGregor) подвлекува дека мотивацијата не треба да биде сфатена како манипулативна алатка, односно како манипулација.

Всушност, таа претставува „слика“ за тоа колку вработените се поврзани со целите на организацијата, колку се посветени на нивната работа и колку енергично се чувствуваат во врска со неа, секојдневно.

Таа може да стане сериозен инструмент за управување и поттикнување на безбедноста во организациите во насока на зголемување на нејзината ефикасност и ефективност, односно постигнување оптималност.

Вработените го препознаваат значењето на мотивацијата во нивното работење, односно тие имаат позитивен став кон неа и ја препознаваат како нешто многу значајно во работните процеси. Тоа го потврдува едно истражување направено во 2016 година на територијата на Република Северна Македонија, од страна на ИИОР-Симбиотика, во насока на испитување на мислењето за мотивацијата и нејзино карактеризирање во рамките на работната средина во македонските правни субјекти.

Биле анкетирани 200 испитаници од коишто 194 во моментот на спроведување на анкетата биле во активен работен однос. Во испитувањето биле вклучени низа прашања коишто вршеле мерења од различни аспекти релевантни за потребите на Институтот, меѓутоа во овој контекст и за овој текст значајно е прашањето „Колку мотивацијата на луѓето може да влијае врз успешното извршување на активностите?“. На ова прашање 110 (57 %) испитаници одговориле „огромно“, 73 (38 %) одговориле „големо“, 8 (4 %) одговориле „умерено“, 1 одговорил „мало“ и 1 „незначително“, *слика бр.* 4. Податоците покажуваат дека 95 % од испитаниците одговориле дека мотивацијата има значително влијание врз активностите.

Безбедноста и здравјето при работа првенствено зависи од инкорпорираните безбедносни принципи на работните процеси, а потоа и од имплементираните превентивни и контролни мерки, но и од почитувањето на тие мерки од страна на сите вработени.

Ефективните контролни мерки ги заштитуваат вработените од опасностите и штетностите на работното место, помагаат во избегнување на повредите, болестите и инцидентите, ги минимизираат или елиминираат ризиците по безбедноста и здравјето и помагаат на работодавачите да обезбедат безбедни и здрави работни услови (https://www.osha.gov/shpguidelines/hazard-prevention.html).

Меѓутоа и покрај сѐ, ако вработените не ја „гледаат“ безбедноста како важен аспект, ако целите на СБЗР не се поврзани со личните потреби на вработените и притоа не е направено ништо за засилување на оваа врска (ако постои) преку надворешни мотиватори, функционалноста на системот деградира, безбедноста за извесно време веројатно ќе се влоши и здравјето на вработените порано или подоцна, ќе биде нарушено. Во зависност од дејноста, тоа може да биде и многу сериозно.




Слика бр.4

Мотивацијата може да овозможи безбедноста да биде прифатена онака како што е поставена од менаџерите, но и повеќе од тоа да стане еден од главните нејзини побудувачи доколку е препознаена како таква и е измоделирана во таа насока.

Портер (Porter) и Мајлс (Miles) сметаат дека системот за мотивирање е сочинет од три целини на варијабли: индивидуалните карактеристики на вработените, карактеристиките на работата и работната средина и карактеристиките на организациската средина. Дизајнот на механизмот којшто ќе овозможи генерирање мотивациски импулси и нивно ширање низ организацијата, треба да ги земе предвид овие варијабли.

Валентноста на дизајнот и содржината на овие варијабли за секоја индивидуа во организацијата е различна. Таа зависи од тоа колку добро ги знаеме потребите на вработените и дали и колку од нив сме инкорпорирале.

Токму овие варијабли од системот за мотивирање се релевантни и за СБЗР, што овозможува големо искористување на мотивирањето. Меѓутоа за да може мотивацијата да се користи како инструмент, тој треба да биде соодветно осмислен, а варијаблите на мотивацијата треба да бидат соодветно интегрирани во СБЗР.

Индивидуалните карактеристики на вработените во мотивациски контекст се нивните потреби. Тие треба да бидат идентификувани и поврзани со целите на СБЗР. Во однос на нив Маслов (Maslow), во периодот од 1940 година до 1950 година, ја има „конструирано“ пирамидата на потребни на човекот којашто е особено експлоатирана во психологијата и пошироко, *слика бр*. 5. Во однос на целите пак, според Кралев важно е тие да се специфични бидејќи тоа поволно влијае врз нивната валентност како мотиватори во индивидуалните и групните остварувања.




Слика бр.5

За втората варијабла е важен фактот дека таа е особено зависна од менаџментот. Всушност тука доаѓа до израз мотивирањето од надвор. Покрај тоа, таа во  смисла на БЗР претставува суштината при развивањето мерки. Согласно нивните карактеристики, во релација со потребите на вработените треба да се деривираат низа мотиватори коишто ќе се имплементираат во насока на постигнување на целите на СБЗР. Од особена значајност за нивната функционалност е потребата да бидат внесени во организациската структура, во нејзиниот функционален модел. Тоа е потребно бидејќи таа ги покажува формалните релации и функции на организациско ниво. Односно, Гибсон (Gibson), Иванчевич (Ivancevich), Донили (Donnelly) и Конопаски (Konopaske), покажуваат дека таа има влијание врз однесувањето на индивидуите и групите коишто ја изградиле организацијата.




Слика бр.6

Третата мотивациона варијабла, организациската средина е „најдалеку" во смисла на специфичност за потребите на вработениот, *слика бр. 6*. Меѓутоа, таа има големо влијание врз мотивациските пристапи и како мотивацијата ќе биде инструментализирана во организацијата. Во оваа контекстуалност постојат неколку аспекти коишто треба да се земат предвид и преку коишто треба да се изврши општо „дефинирање" на мотивирањето, тоа се: организациската политика, системите за наградување, организациската култура и политиката во врска со човечките ресурси. Сите овие аспекти поединечно и интегрално делуваат во мотивирањето за максимирање на безбедноста при работа.

Драган Митковски[1]

*Дипломиран универзитетски инженер по машинство*

(Индустриско инженерство и менаџмент)

# БЗР ПРОТКАЕНА НИЗ СТАНДАРДИТЕ, ПРОПИСИТЕ И КОДЕКСИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ВО ДЕЛОВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА (ВТОР ДЕЛ)

Почитувани колеги,

Во ова време на невреме кога не знаеш што ти носи следниот ден, ние продолжуваме понатаму. Сега сте со намалени обврски и се надевам дека запознавање на секоја новина, посебно во време на глобална одбрана, ќе Ви отвори нови хоризонти за да прочитате, размислите и оставите свој белег во нашата област.

Во претходниот број кажавме дека ќе Ви предочиме нови аспекти на безбедноста и здравјето на работните места и објаснивме што значи BSCI-amfori. Продолжуваме понатаму, се надевам и знам дека ќе предизвикаат интерес наредните редови.

**1. Кои потребни документи треба** да ги има секоја компанија којашто е вклучена во **BSCI-amfori?**

Сертификати и договори:

- Инспекциски запис за исправноста на опремата на компанијата којашто е овластена за таа намена и полиса за осигурување на опремата и машините;
- Фактури за набавка на лична заштитна опрема;
- Сите потребни документи за компанијата и опремата дека се одобрени за користење од овластени институции и лица;
- Валидна документација за безбедноста на објектот во однос на статика, можност од ризик од природни непогоди и сл.;
- Договор со компанија за снабдување со делови за опремата, транспорт и сл. односно потребно е да се има Договор со секој надворешен доставувач на опрема, предмети и услуги и во Договорот задолжително да стои изјава дека и тој партнер ќе ги почитува сите одредби на BSCI-amfori.

Потврди за обуки:

- Евиденција за секој од вработените за извршена обука за безбедност и здравје при работа;
- Календар за обуки за вработените и менаџментот;
- Евиденција за квалификација на вработените за особено високоризични места како што се одржување на машините, одржување на електрична

инсталација и други активности кои бараат специјална обука и високо ниво на ризик;

Записи и извештаи:

- Проценка на ризик на работно место;
- Акционен план за БЗР и одржување на соодветни хигиенски услови;
- Евиденција за социјалната политика на компанијата;
- Регулатива за БЗР апликативна за индустријата соодветно;
- Одлука за избор на Одбор за БЗР, како и евиденција на состаноците на Одборот со сите заклучоци кои се донесени;
- Евиденција за потрошувачката, патека на движење и складирање на хемикалиите вклучително и MSDS (Material Safety Data Sheet), односно листа на податоци за безбедно ракување со материите;
- Официјален извештај од инспекција на објектот за неговата безбедност и безбедносната опрема вклучувајќи и рок на валидност и преземени евентуални корективни мерки;
- Извештаи, записи за одржување, оперативни или безбедносни инструкции и тоа за:

А. Опасни машини и опрема вклучувајќи, но не е ограничено на лифтови, дигалки, кранови, електрична опрема, опрема која работи на висок притисок и сл.

Б. Противпожарна опрема – како на пр. исправност на ПП апарати, хидранти, алармни системи и сл.

В. Исправност на водата за пиење во производните погони или кујните**.**

Г. Параметри на БЗР**,** како во погоните, така и во помошните простории, а кои се однесуваат, но не е ограничено за температура, бучава, осветление и сл. односно микроклиматски услови.

**2. Зошто се става посебен акцент на БЗР**?

Перформансите на секоја компанија во однос на имплементираните мерки за БЗР во BSCI-amfori системот може да се погледнат од неколку агли:

- ниво на почитување на законите и прописите што се применуваат за деловната активност или индустријата;
- капацитет за откривање, проценка, избегнување и одговор на потенцијалните закани за БЗР на работниците;
- степен на активна соработка со работниците (и/или нивните претставници) при развивање и спроведување на системите за БЗР (на пр. со формирање Одбор за БЗР);
- капацитет за исполнување на мерките за БЗР за работниците во случај на несреќи;

- мора да се биде запознаен со регулативите за БЗР релевантни за активностите на компанијата.

**3. Регулатива**

Дали ефикасно се спроведува и дали се знае за целокупната регулатива за БЗР во компанијата и за активностите кои се изведуваат во компанијата... или како да се дојде до безбедно работење, живеење и ефектуирање?

Одговорот на овие прашања е комплициран, но потребно е од некаде да се започне. Во овој број ќе пробам да дадам неколку насоки за првите скалила на имплементација на системот на БЗР согласно со она што ни се нуди како можност во моментот, а поврзано со нашата струка, експертиза и професија, со основа BSCI-amfori.

Прво мора да се познаваат сите законски прописи коишто можете да ги видите од сите официјални интернет страници на државните институции, а тука се и здруженијата за БЗР меѓу кои е и нашето, но потребно е да ги ажурирате овие екстерни документи.

Во овој систем стои и одредбата дека „доколку државата нема доволен број законски прописи за БЗР за секој сектор, тогаш се бара алтернатива за да се обезбедат правата на вработените за БЗР што вклучува следење на интернационалните стандарди и спецификации и вклучување на вработените и нивните претставници во изготвување на постапки, процедури, упатства, методи и сл., постапки кои ќе го градат системот на интерни процедури во компанијата. Не заборавајте да се обидете да ги пронајдете одговорите на следните прашања, што до некаде се приближува и до нашето БЗР секојдневие:

- Дали работниците се информирани за специфичните ризици на работното место и потребните протоколи?
- Дали вработените или нивните претставници се вклучени во дефинирање на процедурите за БЗР?
- Дали има поднесено жалба или поплака во врска со потенцијално нездрави или несигурни услови за работа?
- Дали се евидентираат повредите и несреќите при работа, професионалните заболувања, како и секое нарушување на системот за БЗР?
- Како известувањето за нарушување на системот за БЗР може да ги подобри самите работници во однос на усвојувањето на БЗР мерките без разлика дали се од превентивен или корективен карактер?

Е сега она, на што денес во услови на постоење на „невидливиот непријател" – коронавирусот КОВИД-19 се става акцент, што не значи дека не треба да се почитува понатаму, бидејќи од оваа борба денес можеме да извлечеме

многу поуки – Дали може да ја подобриме заштитата на работното место во време на инциденти и несреќни случаи? Кои мерки треба да ги преземеме?

Решението се огледа во брзата реакција на тие што треба да се занимаваат со регулативата за БЗР. Тие се должни и имаат обврска да донесат најбргу што може нови законски прописи за да се најдат нови начини за примена на највисок степен на БЗР во компанијата, соодветна обука за работниците и менаџментот како да се избегнат инцидентите и да се минимизира нивното влијание. Анализите од овие мерки треба да ги постават сегментите на нов систем на БЗР согласно новопоставените протоколи и лекции што сте ги научиле. Но, ова е крајно време да се направи, бидејќи согласно моето мислење, помина времето за изненадување, сега ги знаеме карактеристиките на непријателот, редно е да ги засукаме ракавите... да започнеме со „шаховска одбрана“ и пронајдеме начин, метод како да не падне БЗР на колена преку наоѓање на методи за обука (секако од компетентни лица), со укажување на сите можни причини и последици и со постојано „бомбардирање“ за најновите информации за секоја компанија за која се грижите, без разлика дали сте стручно лице, лице вработено и сл.

Во следниот број (бидејќи сега многу поактуелна е друга тема, а и немаме премногу страници дозволени во списанието) ќе стане збор за тоа како според BSCI-amfori се одредува проценка на ризик, евиденција на кооперативните врски помеѓу вработените и менаџментот, како се развива системот за БЗР според BSCI-amfori, како се врши обука според овој систем и многу други прашања поврзани со БЗР, а проследени во интернационалните стандарди.

**4. Каков е пристапот кон личната заштитна опрема во BSCI-amfori** системот?

Изминатите денови се зборува за набавка, користење и одржување на лична заштитна опрема како за работниците, така и за секој граѓанин, без разлика дали таа е потребна или не. Ќе пробам да Ви предочам како е во BSCI-amfori, а Вие самите направете споредба дали е тоа кај нас, кај Вас, во Вашата компанија. Согласно BSCI-amfori верификацијата на ефикасноста на користење на ЛЗО се огледа во постоење на алгоритам за секоја операција која се изведува во компанијата и согласно тоа, кои ЛЗС се потребни.

Значи, согласно системот, потребно е да се направи шема на движење на суровините, производите, услугите низ сите работни активности, а од страна да се пропишат ЛЗС, секако користејќи ја извршената проценка за ризик на работно место од компетентни лица и институции. Притоа се внимава дали има реакции од вработените во однос на користење на ЛЗС, со посебен акцент дали истите ги набавува компанијата или вработените за што

мора да се има соодветна книговодствена евиденција за набавка на ЛЗС, како и издаден документ за реверс на вработените во однос на истите.

Но, се внимава и на следното:

- Дали вработените ја имаат соодветната обука за користење на ЛЗС и како да ги одржуваат?
- Дали ЛЗС се базирани на информациите од проценатa за ризик на работното место?
- Дали менаџментот, особено лицата задолжени за надзор, контролорите, непосредните раководители се исто така обучени за користење на ЛЗС и нивно одржување? Дали има протокол за безбедност на вработените при работа со ЛЗС? (она што во денешната борба со коронавирусот – КОВИД 19 се покажува како многу слаба алка)?
- Дали постои процедура за контрола на количината и квалитетот на ЛЗС така што постојано да се задоволуваат мерките за БЗР за секој вработен? Дали се контролира исправноста на ЛЗС во време на инциденти, несреќни случаи или пак пандемии како сега?
- Дали постои процедура за набавка на ЛЗС со високи перформанси на квалитет и ефикасна заштита на вработените без разлика на цената на чинење?
- Дали има соодветни поплаки при присилно користење на ЛЗС?

Многу прашања на кои треба Вие заедно со менаџментот, претставниците на вработените, работниците и другите засегнати да дадете одговор. Брзиот одговор значи и поставување на патоказот кон поголема ефикасност на системот за БЗР во Вашата компанија.

За крај, едно искуство од имплементацијата и користењето на BSCI-amfori во однос на личните заштитни средства. Во почетокот менаџментот (чест на исклучоци), смета дека се трошат непотребно пари, во Вас гледа дека има уште една задача плус, но подоцна кога гледа дека бројот на боледувања, бројот на повреди и професионални заболувања и во најлош случај, бројот на смртни случаи се сведува на минимум со преземање на сите мерки за задоволување, пред сѐ на националната законска регулатива, а со тоа и на интернационалните стандарди, значи дека процесот продолжува непрекинато, дека трошоците за сето претходно пишано се сѐ помали, а продуктивноста е поголема, е тука веќе се потпира на Вас и гледа во Вас можност за напредок и развој на нови цели.

Затоа понекогаш е потребно компанијата да ги отвори своите аспекти на гледање кон интернационалните стандарди, бидејќи како дел од целосниот сегмент (за оние кои веќе знаат) на имплементација и спроведување значи прифаќање на „онаа легислатива којашто е посилна“, односно

која поставува построги нормативи. Па, нели кон тоа се стремиме сите, со исполнување на построгите критериуми значи се исполнува и нивото на функционалноста на многу мерки меѓу кои и онаа што нас и тоа како нè „боли“ – безбедноста и здравјето при работа во сите сегменти.

Користена литература – www.amfori.com

Ѓоко Павлов,
дипл. инж. по ЗПР

# КРИКОТ НА БЗР ПРЕКУ ЗАШТИТНИОТ ВИЗИР НА МЕДИЦИНСКИТЕ РАБОТНИЦИ

Требаше во рубриката „БЗР околу нас“, да Ви предочам како функционира системот за БЗР во соседна Бугарија, но во ова време на пандемиска борба на човечката цивилизација со еден многу мал, но исклучително силен противник – коронавирус КОВИД-19 кој како „Тројански коњ“ се инјектира буквално во сите сегменти на живеење, се одлучив да Ви предочам што размислува Меѓународната организација за труд (ILO) за поврзаноста на БЗР и луѓето кои се во првата борбена линија – медицинскиот персонал од прв до последен, од лекар до хигиеничарка во здравствениот систем.

Мислам дека лекарите заслужуваат да го добијат целокупното внимание. Ова ќе биде мојот аплауз до нив и благодарност што се грижат за сите нас, секогаш, не само во услови на пандемијата од овој вирус.

Пандемијата КОВИД-19 ги стави во фокус здравствените услуги на секоја земја. Додека секоја од Владите се стреми да го забави ширењето на вирусот, здравствените работници, особено жените, се наоѓаат во првите редови на пандемијата.

Со оглед на оваа криза, прво на што се сугерираше на медицинскиот персонал е дека како работници потребно е смирено и без паника да пружат соодветен третман и совети на населението. Но, од друга страна повеќе од половина од светското население нема пристап до основна здравствена заштита, па се поставува прашањето што се случува кога нема доволно лекари, медицински сестри и персонал за поддршка?

Како дел од целите на ООН за одржлив развој, сите земји членки се согласија да постигнат универзална здравствена покриеност до 2030 година. Со густината на вработеноста во здравството како иден показател за оваа цел, пречка за нејзиното постигнување најверојатно ќе биде недостигот на здравствени работници, што веќе се забележува и кај нас. Во потрага по подобра позиција, многу од медицинскиот персонал ја напушти нашата земја и својот егзистенцијален и професионален ангажман го продолжи во странство, со што се намали бројот на медицински професионален персонал кај нас, што во овој момент се покажува и како можен проблем во спроведување на мерките за ефикасна заштита од вирусот.

Податоците кои може да се најдат на официјалната страна на ILO како (ILOSTAT) ги истакнуваат земјите кои имаат најголема потреба од соодветен медицински персонал. Се презентираат најновите бројки за квалификувани

здравствени занимања – како што се лекарите и медицинските сестри и за општото вработување во секторот здравство и социјална работа, во кое се вклучени сите оние вработени во здравствени установи, вклучително и администратори, хигиеничари и социјални работници. Тоа покажува дека здравството е важен сектор за вработување, но капацитетите на земјите за вработување и задржување на здравствени работници значително се разликуваат во регионите. Оваа нееднаква дистрибуција ги влошува нееднаквостите во пристапот до здравствени услуги.

**Богатство и здравје**

Податоците за вработување во секторот здравство (врз основа на категоријата ISIC) сугерираат дека земјите со високи приходи имаат најквалификувани здравствени работници, како и најголеми здравствени сектори во однос на бројот на население. Норвешка има најголем здравствен сектор, вработувајќи 1.049 луѓе на 10.000 население. Следат Данска, Јапонија, Холандија и Швајцарија, сите со над 800, САД (682) и Велика Британија (664) имаат 10$^{-та}$ и 13$^{-та}$ највисока стапка, соодветно. Всушност, земјите со високи приходи колективно имаат речиси 12 пати повеќе луѓе вработени во здравството, отколку нациите со ниски приходи – 580 на 10.000 луѓе во просек.

**Нееднаков пристап до здравствени услуги**

Слична е приказната кога се гледаат бројките на стручниот медицински персонал (лекари, медицински сестри и акушерки) на 10.000 луѓе. Од 97 земји со достапни податоци, првите 10 се речиси исклучиво нации со висок приход. Германија, Норвешка, Швајцарија, Холандија и САД ги сочинуваат првите пет, додека Руската Федерација е единствената земја со високи приходи во топ 10.

Во многу земји со ниски приходи, сепак, голем дел од населението нема пристап до основните здравствени услуги, како резултат на недостаток на здравствени работници, особено во руралните и оддалечените области.

Кога Светската здравствена организација ја прогласи пандемијата КОВИД-19, најголема загриженост предизвика можноста вирусот да се шири во земји со послаби здравствени системи. Во Африка, просечниот број работници вработени во здравствениот сектор на 10.000 лица е 57. Многу од посиромашните нации во регионот имаат многу помалку.

**Клучен фактор во борбата против пандемијата**

Дури и стабилните здравствени системи можат сериозно да се тестираат на неочекувани притисоци како што е пандемијата КОВИД-19, но за сите заедничко е дека поседувањето на соодветен број здравствени работници ќе биде клучно за победа во борбата против КОВИД-19. Големите здравствени

системи паѓаат токму заради инфицирањето на голем број здравствени работници, а тоа значи и изолација на сите околу нив. Тоа пак, повлекува дека треба да се има „резерва" во здравствениот тим, но кога дневно ќе се погледнат бројките на смртни случаи, бројките на инфицирано население, а посебно на здравствен персонал, се гледа дека искусниот медицински тим е „вистински дијамант" во оваа борба.

Но, тоа не е единствениот проблем. Слабиот пристап (на места и никаков) до лична заштитна опрема, непостоење и слаби протоколи за безбедност и здравје при работа, соодветните периоди за одмор и закрепнување и други работни услови, ќе утврдат колку ефикасно здравствените работници можат да ги третираат пациентите – и тука човечката цивилизација даде сигнал дека стои на „стаклени нозе".

**Претежно женска здравствена работна сила**

На глобално ниво, жените сочинуваат 70 % од вработените во здравствениот сектор и врз основа на податоците достапни за близу 100 земји, 72 % од квалификуваните здравствени занимања. Накратко, жените се несразмерно во првите редови во светската борба за лекување на заразени пациенти.

Во меѓувреме, жените исто така го носат товарот на неплатена грижа, како што се одгледување деца и грижа за постарите лица. Бидејќи училиштата се затворени во региони погодени од КОВИД-19, ова создава дополнителни предизвици за многу жени – здравствени работници кои се обидуваат да ја балансираат работата и семејството.

Бидејќи пандемијата КОВИД-19 ги става светските здравствени услуги под микроскоп, податоците на ILOSTAT покажуваат дека бројни земји веќе се соочуваат со недостиг на здравствени работници – честопати заради долго работно време, ниски плати и безбедносни и здравствени ризици при работа кои ги одвраќаат многумина од влегувањето во здравствениот сектор и ги тера многумината квалификувани здравствени работници да ја напуштат професијата предвреме.

Во многу градови погодени од пандемијата КОВИД-19 се одвива ноќен ритуал со кој луѓето аплаудираат и на различни начини излезени на тераси ја покажуваат благодарноста до многуте здравствени работници кои се борат против КОВИД-19. Да, на таков начин им оддаваат почит и поддршка, а и благодарност на тоа што тие ги оставаат своите семејства дома за да се грижат за сите нас. Капата долу, се поклонуваме на Вашата храброст!

Од друга страна, сликите од исцрпен медицински персонал во борбата за спасување на пациентите го обиколија светот. Безбедноста и здравјето при работа на здравствените работници е основно за да им се овозможи да

ги извршуваат своите работи за време на оваа криза. Нивната заштита мора да биде приоритет.

**Па, што треба да се направи ВЕДНАШ, УРГЕНТНО, БЕЗ ОДЛАГАЊЕ?**

**1. Чувајте ги здравствените работници безбедни**

Обезбедувањето на услови за безбедно работење на здравствените работници и другиот логистички персонал е од најголема важност.

Информациите за пренесување на болеста треба да бидат споделени со здравствените работници што е можно побрзо, вклучително и информации за најновите упатства, мерки за спречување на зараза и како тие треба да се спроведат. Дијалогот помеѓу здравствените работници и работодавачите може да осигура дека политиките и процедурите се спроведуваат на соодветен начин.

Достапноста на лична заштитна опрема (ЛЗО) е клучна, како и обука и едукација за правилно користење на таквата опрема. Покрај тоа, тестирањето за инфекција со КОВИД-19 треба да биде достапно првенствено за здравствените работници и тоа на оние кои се наоѓаат на фронтовската линија, со една единствена цел – поддршка на здравјето на работниците (медицинскиот персонал) и безбедноста на пациентите.

**2. Заштитете го нивното ментално здравје**

Пандемијата ги исправа здравствените работници пред исклучително тешки ситуации. Покрај големиот обем на работа, а понекогаш и трауматските ситуации со донесување на тешки одлуки и стапката на смртност без преседан, здравствените работници се соочуваат со стравот од заболување и истото тоа заболување да го прошират на семејството и пријателите.

Лекциите од другите епидемии, како што е епидемијата на ебола во Западна Африка во 2014 година, покажаа дека здравствените работници може да доживеат дискриминација и стигма, поради стравот на јавноста за зараза со оваа болест.

Давањето на социјална поддршка во рамките на тимови, семејства и пријатели, заедно со информации и упатства за здравствените работници за тоа како да се справат со стресот и пост-трауматското советување за стрес, треба да бидат составен дел на одговорот.

**3. Мониторинг на работно време**

Во итни случаи, здравствените работници се должни да работат под неправилни и понекогаш атипични услови. Како одговор на КОВИД-19, многу здравствени работници се соочуваат со сериозни дополнителни оптоварувања, продолжено работно време и недостаток на период за одмор.

Бидејќи многу земји ги затвораат училиштата и јавниот живот, тие исто така треба да го организираат својот приватен живот и да се грижат за овие лица.

Треба да се има предвид дека соодветните ангажмани за времетраењето на работата е еден од начините да им се помогне на здравствените работници за тие да може да ги балансираат барањата за пружање на здравствени услуги со целокупна нивна одговорност за нега во домот и сопствената благосостојба.

**4. Заштитете ги лицата вработени на одредено време и волонтерите**

За борба против пандемијата, неколку земји реагираа со барање стручна помош од соодветни лица на определено време, волонтери, но и од други сектори како што се војска, пензионирани здравствени работници или студенти по медицина и медицински сестри.

Иако овие мерки се охрабрувачки, затоа што тие ја обезбедуваат потребната грижа, тие треба внимателно да се спроведат за да се обезбеди овие работници да имаат иста заштита за вработување како и другите работници.

Владите треба да се консултираат со социјалните партнери за да ги следат и соодветно регулираат таквите регрутирања. Но, како за БЗР, така треба да се решат и другите услови за вработување како што се: социјална заштита, плата, периоди за одмор и ангажмани за работно време.

**5. Регрутирајте и обучете повеќе здравствени работници**

Инвестиции треба да се направат во сите здравствени системи за да можат да регрутираат, распоредуваат и задржуваат доволен број добро обучени, поддржани и мотивирани здравствени работници. Пандемијата КОВИД-19 уште еднаш ја потенцира итната потреба од силна здравствена работна сила како составен дел на секој еластичен здравствен систем и ова сега се препознава како суштинска основа за закрепнување на нашите општества и економии и подготвеност за итни здравствени вонредни состојби.

За тоа како е опремен медицинскиот персонал, колку е обучен да ја користи својата лична заштитна опрема, како се прават заштитни маски и визири за медицинскиот персонал од хуманитарни граѓани, како е спроведена БЗР во првите борбени редови и за многу други прашања, од причина што сега не сакам да ја црпам енергијата на медицинските лица, во некоја следна прилика. Сега ни се потребни сите тие за да ја извојуваме победата во битката на човечката цивилизација.

Можеби ние, стручните лица за БЗР, требаше да ја „искористиме“ оваа ситуација да се слушне и нашиот крик за тоа дека сме лица со искуство во

оваа област за да помогнеме на секаков начин, со брза интервенција да му помогнеме пред сѐ на медицинскиот персонал.

Крикот на медицинскиот персонал низ визирите е голем, но молчешкум прифатен. Аплауз уште еднаш.

Користен извор : www.ilo.org

Ѓоко Павлов,
дипл.инж. по ЗПР

# ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ ЗА ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА ЗА МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ

Во целокупната криза поврзана со појавата на коронавирусот – **КОВИД-**19, имајќи предвид дека медицинскиот персонал (доктори, медицински сестри, болничари) се „во првите борбени редови“, односно во директен контакт со заразените, од посебно значење е истите да бидат соодветно заштитени, односно да носат соодветна лична заштитна опрема. Во продолжение се дадени линкови до 11 стандарди од Европскиот комитет за стандардизација и 3 дополнителни европски стандарди кои се усогласени со ISO стандардите.

Познавањето и почитувањето на препораките дадени во овие стандарди овозможува компаниите кои произведуваат или набавуваат заштитни маски, медицински ракавици и друга заштитна опрема за медицинскиот персонал, да го усогласат производството со стандардите на ЕУ и со тоа да овозможат пуштање во промет на стандардизирани производи – безбедни за сите кои ги користат.

Во продолжение е листата на CEN стандардите кои може слободно да ги преземете, благодарејќи на www.advisera.com.

- EN 149 + A1:2009 Respiratory protective devices – Filtering half masks to protect against particles – Requirements, testing, marking (commonly referred to as ‘FFP masks’).
- EN 14683:2019 + AC:2019 Medical face masks – Requirements and test method.
- EN 166:2003 Personal eye-protection – Specifications.
- EN 14126:2003 Protective clothing – Performance requirements and tests methods for protective clothing against infective agents.
- EN 14605 + A1:2009 Protective clothing against liquid chemicals – performance requirements for clothing with liquid-tight (Type 3) or spray-tight (Type 4) connections, including items providing protection to parts of the body only (Types PB [3] and PB [4]).
- EN 13795-1:2019 Surgical clothing and drapes – Requirements and test methods – Part 1: Surgical drapes and gowns.
- EN 13795-2:2019 Surgical drapes, gowns and clean air suits, used as medical devices for patients, clinical staff and equipment – Part 2: Test methods.
- EN 455-1:2001 Medical gloves for single use – Part 1: Requirements and testing for freedom from holes (MDD).

- EN 455-2:2015 Medical gloves for single use – Part 2: Requirements and testing for physical properties (MMD).
- EN 455-3:2015 Medical gloves for single use – Part 3: Requirements and testing for biological evaluation (MDD).
- EN 455-4:2009 EN Medical gloves for single use – Part 4: Requirements and testing for shelf life determination (MDD).
- EN ISO 374-5:2016 Protective gloves against dangerous chemicals and micro-organisms – Part 5: Terminology and performance requirements for micro-organisms risks.
- EN ISO 13688:2013 Protective clothing – General requirements.
- EN ISO 10993-1:2009 Biological evaluation of medical devices – Part 1: Evaluation and testing within a risk management process.

Извор: www.advisera.com

Ѓоко Павлов,
дипл.инж. по ЗПР